# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Дваесет и седмата седница на Собранието
## на Република Македонија,
## одржана на 17 септември 1999 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господинот Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ја отворам Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Петар Гошев, Благој Ханџиски, Борислав Трпевски како и министерот за одбрана г. Никола Кљусев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата, независно кое од системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните во салата во наредните 15 сек.

Во салата имаме вкупно 85 пратеника, според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија г. Киро Глигоров.

Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Пратеникот Алија Шахиќ согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за надворешно - трговското работење, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

(Пратеникот Ѓулистана Марковска бара процедурално).

Повелете.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Со оглед на тоа што не ги утврдивме другите точки освен што имаме една предлог листа на поголем број на законски проекти, а Законот кој го предлагате од страна на пратеникот Алија Шахиќ има една истоветна и слична содржина, со закон што го предлагаат пратениците Томислав Стојановски, Чедомир Краљевски и Кирил Андоновски, па би замолила со оглед на тоа што имаме претставници на Владата истите, ако имаат можност, да го погледаат, бидејќи се работи за исти предлози и да ни дадат мислење да знаеме за што гласаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, бидејќи навистина се работи за истоветни барања на група пратеници, околу измената на Законот за трговското работење со тоа што едните пратеници бараат увозот на странските возила, да биде до 7 години се мисли на половните, а другите бараат до 8 години. Тука е разликата, а во суштина е исто барањето.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, запознаени сме со барањето и иницијативите на пратениците во врска со законот, но тоа вчера беше доставено во архивата, така што Владата немаше можност да ги разгледа и самата Влада работи на измени на законот така што на наредната седница предлагаме да бидат прифатени на дневен ред. На оваа седница не ќе можеме да се изјасниме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ги молам пратениците кои го поднесоа предлогот да се произнесат г. Алија Шахиќ и претставник на група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, дали се согласуваат со ваквото барање на претставникот на Владата.

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Бидејќи претставникот на Владата прифати за наредната седница, се согласувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали има согласност од подносителите на предлогот од страна на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ.

Има збор г. Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Во име на подносителите на предлогот, односно во мое име и името на Томислав Стојановски и Кирил Андоновски го повлекувам предлогот и препуштам предимство на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа ние ќе го доставиме предлогот на Владата и на следната седница ќе имаме мислење и од страна на Владата.

Пратениците Борче Сибиновски и Димитар Баткоски согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагаат Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, со Предлогот на закон, Собранието да го

разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Дали претставникот на Владата се согласува да се разгледа?

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Се согласувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш Ве молам да гласаме, тоа е процедурата да го ставиме на дневен ред.

Ве молам вклучете го системот за гласање.

За предлогот гласале 11 пратеници, 3 воздржани и 5 против.

Според тоа констатирам дека предлогот е усвоен и ќе биде на дневен ред на денешната седница.

Комисијата за здравство, предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за давање согласност на статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавната здравствена организација - Завод за здравствена заштита - Прилеп.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Ве молам да гласаме по предлогот на Комисијата.

За предлогот гласале 85 пратеници, 6 воздржани и 2 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Јапонија.

Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Гевгелија.

Предлог на одлука за разрешување и именување заменик член на Државната комисија за избирачкиот список и Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата Мито Хаџивасилев - Јасмин".

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 86 пратеници, 7 воздржани и 1 против.

Констатирам дека предлогот на Одлуката е усвоен.

Комисијата за меѓунационални односи предлага Предлогот на Просторниот план на Република Македонија да се одложи за наредната седница на Собранието, заради дополнителни консултации во функција на подобрување на решенијата содржани во него.

Впрочем, имавме соодветни забелешки и предлози и од други комисии, но ние ги земавме од оваа комисија да се одложи за наредната седница за да се подобри предлогот.

Ве молам да гласаме за предлогот на Комисијата за одлагање на точката од дневен ред.

Ако сака предлагачот да го образложи предметот, односно дали се согласува да ја одложиме точката од оваа седница?

Има збор министерот за градежништво Душко Кадиевски.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

На матичната комисија за градежништво и урбанизам се договоривме Просторниот план на Република Македонија од аспект на неговата важност и афирмација да се презентира на посебна седница. Дали ќе биде наредната седница или продолжување на оваа седница, да се договориме. Можно е да биде на посебна седница, а не знам кога ќе има наредна седница, може да има во февруари, но што побргу тоа поарно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Прифатлив е предлогот, бидејќи навистина е обемен материјалот опфаќа многу прашања и проблеми и од локалната самоуправа и воопшто, јас мислам да го прифатиме предлогот на министерот, да закажеме посебна седница на Собранието, на која може и за други точки, но како прва точка и главна расправа да биде токму по Просторниот план.

Дали се согласувате со овој предлог?

Да гласаме.

За предлогот да имаме посебна седница гласаа 85 пратеника, 4 против и 5 воздржани.

Констатирам дека предлогот е усвоен така како што го постави министерот.

Господинот пратеник Павле Тодоровски има пратеничко прашање или предлог.

**ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитуван претседателе на Влада, членови на Владата, почитувани пратеници.

Јас имам прашање до претставникот на Владата, во врска со рестартирање на ФЕНИ МАК од Кавадарци. ФЕНИ МАК е ставен во мирување од 1 март поради ниска цена на никелот, од која произлегуваше загуба. Сега цената на никелот е 7.400 долари по тон. Оваа цена обезбедува рентабилно работење на ФЕНИ МАК и остаток секој месец по 500 илјади долари. Цената на никелот до Нова година на берза се предвидува да достигне до 9 илјади долари по еден тон никел. Стручниот и раководниот кадар гарантираат и депонираат потписи дека ФЕНИ МАК во овие услови може да работи без загуби и со добивка.

Ете зошто барам од Владата на првата наредна седница да го разгледа ова прашање и донесе позитивна одлука за рестартирање на ФЕНИ МАК од Кавадарци.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. пратеник Павле Тодоровски на поставеното прашање.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали прифаќа на една од наредните седници да добиеме информација за прашањето на рестартирање на ФЕНИ МАК од Кавадарци.

Вклучете го господинот премиер.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи на една од наредните седници ќе добиете информација.

Господинот пратеник Лазо Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Пред три четири месеци до министерот за внатрешни работи поставив прашање, кој е старешина на тоа министерство, бидејќи уште тогаш се јавија различни изјави помеѓу него како министер, кој е одговорен за ресорот и неговите потчинети, се надевам дека се се уште потчинети, многу контрадикторни изјави, многу различни постапки во тоа министерство. Од тогаш состојбата не е подобрена дури по изјавите на самиот министер се случуваат нови работи и навистина ме интересира, зошто до сега не ми е одговорено и не е одговорено на јавноста, практично кој е старешина на овој орган и дали Владата нешто ќе преземе било Владата, односно премиерот или министерот внатре ги регулира своите меѓусебни односи. Вака има голема забуна во јавноста, практично кој раководи со тоа министерство.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сакате во вид на пратеничко прашање?

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Јас сум вчудоневиден, бидејќи тоа е многу чувствително министерство да немам одговор 3-4 месеци на моето поставено прашање, а состојбите не се променети.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Министерот за внатрешни работи може веднаш да ви одговори, ако сака.

Г-ѓа Доста Димовска, потпретседател на Владата.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Јас жалам што ќе го разочарам пратеникот Китановски, што кадровските промени што тој ги нарачал, а не се реализирани до сега, не се извршени, факт е дека министерот и Владата ја креираат кадровската политика во министерствата и во самата Влада, а општо познато е на јавноста и кога ќе има пратенички прашања може да постави пратеничко прашање да му биде одговорено. Сега немаме пратенички прашања, туку имаме утврдување на дневниот ред.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Непосредно пред мене имаше пратеничко прашање, Вие како претседавач го усвоивте, се надевам и Владата, бидејќи не реагираше.

Второ, моето прашање беше упатено до министерот за внатрешни работи, немам одговор од тогаш до сега. Дали министерот има адвокат некој во Владата или може сам да одговори каква е состојбата во Министерството.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам сега да не употребуваме такви термини и да не се вжештува расправата.

Вие немате добиено одговор.

Од наша страна е упатена молба за следната седница да добиете одговор во писмена форма на поставеното прашање.

Тоа е суштината на тоа што го побаравте.

Тогаш, на наредната седница ќе се подготви одговор од Министерството.

Не е прашање што денеска се поставува на седница, туку се ажурира одговорот.

Збор побара г-динот пратеник Бајрам Амди.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван претседателе на Влада, почитувани колеги

пратеници и министри, би сакал едно прашање или одговор да добијам од Владата, бидејќи е присутен премиерот, тоа е многу главно прашање за Ромите, дојдени од Косово.

Гледате, се приближува есен и зима, тие се присутни во Македонија, што решила Владата околу тоа? Дали е решено да ги вратиме назад или овде сместувањето ќе им биде, затоа што тие се сместени под шатори, немаат добри услови за зимски период.

Молам да добијам одговор од Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали претставникот на Владата би сакал да одговори на ова прашање?

Има збор г-ѓата потпретседател Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Владата расправаше за состојбата со бегалците во РМ и ако може за наредната седница писмена информација да доставиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали се согласувате на наредната седница да добиете писмена информација?

**АМДИ БАЈРАМ:**

Се согласувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, за наредната седница ќе биде подготвена писмена информација.

Збор побара г-ѓата пратеник Јорданова Марика.

**МАРИКА ЈОРДАНОВА:**

Поради ургентноста на предлогот што се однесува за работниците кои исполниле условите за пензија, а тоа право не можат да го користат поради не ликвидноста на фирмите што се доведени со досегашното нивно работење, би сакал на оваа седница да го поставам предлогот токму заради неговата ургентност.

Се однесува на тоа Владата донесе заклучок според кој правните субјекти, обврзници кои имаат неплатен придонес за ПИО заклучно со 10.VI.1999 година, да можат одложено да го платат на рати.

Правниот основ за овој заклучок произлегува од постоењето на добар број на работници кои не можат да го стекнат правото на пензија и ако ги исполнуваат условите поради стечајот или не ликвидноста на фирмите кои station наназад по три-пет години не ги подмирувале обврските кон ПИО.

Исто така, неопходен е законски пропис, според кој ќе се овозможи обврзникот, со месечната рата на заостанатиот придонес за овие работници да го плати придонесот за ПИО поединечно, во целост, заради поединечно регулирање на стажот на осигурување на работниците, кои исполнуваат услови за пензија или на стечајните работници за исполнување на услови за користење на право на надоместок од Заводот за вработување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-ѓата пратеник Јорданова Марика на поставеното прашање.

Молам претставникот на Владата дали ќе одговори?

Има збор заменикот на министерот за труд и социјална политика.

**РИСТО ГЕОРГИЕВ:**

Почитувани пратеници, сакам да ве известам дека и Министерството за труд и социјална политика има дадено ист предлог до Владата, како што го даде г-ѓата Марика Јорданова која е претседател на Управниот одбор во Фондот на ПИО, така што тоа е усогласено помеѓу Фондот за ПИО и Министерството за труд и социјална политика.

Мислам дека на наредната седница истото ќе биде усвоено од страна на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ја молам г-ѓата пратеник, дали се согласува?

**МАРИКА ЈОРДАНОВА:**

Се согласувам, благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Стојковски Благој.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, претставници на Влада, почитувани колеги пратеници, очекував по најавата од претставникот на Владата дека на оваа седница ќе бидам информиран по моето барање за мистериозниот предмет фрлен во Езерото "Липково", од кое Куманово и граѓаните на Куманово пијат вода.

Не се работи за прашање, се работи за избегнување на разни шпекулации кои кружат низ граѓаните на Куманово, бидејќи на минатата седница потпретседателот на Владата даде известување дека Владата на прва наредна седница или во меѓувреме ќе излезе со официјално соопштение пред јавноста и граѓаните на Куманово.

До денеска такво соопштение немаме. Не се знае дали се тоа шпекулации или се точни разните информации кои се движат низ градот. Имавме изјава на КФОР дека во тоа време немало летање на хеликоптери на НАТО и на КФОР.

Утредента бевме информирани од средствата на локалните информативни станици дека, таму има екипи и на КФОР и на

министерства од Владата. Се уште немаме никакво известување, меѓутоа имам известување дека таму се редат разно-разни екипи во истражување на Езерото.

Дали Владата може да каже, не мора тоа да биде Информација во писмена форма, меѓутоа заради смирување на една тензија подигната во градот, може ли Владата да излезе со соопштение до сега до каде се дојдени работите. Навистина не се работи за пратеничко прашање, туку за една многу актуелна работа, што може би ги надминува границите и на шпекулативност. Не се работи за прашање.

Мислам дека треба на граѓаните да им дадеме јасен одговор. Тоа го барав на минатата седница. Очекував дека денеска ќе имав одговор. Меѓутоа, еве како што гледате и сите, немаме добиено никаков одговор, а знам дека беа вклучени Министерствата за внатрешни работи, за одбрана, за здравство.

Сега, според не официјални информации, се работи за Министерството за животна средина. Што работи, како работи, сепак граѓаните на Куманово ги интересира. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Стојковски Благој.

Дали претставникот на Владата ќе одговори?

За збор се јави министерот за внатрешни работи, г-динот Павле Трајанов.

**ПАВЛЕ ТРАЈАНОВ:**

Неодамна Владата расправаше околу информациите дека во "Липково" е фрлен непознат предмет од страна на хеликоптер на НАТО и сите активности сега, согласно заклучоците на Владата се насочени во два правци:

Прво, да се провери дали навистина има фрлено таков предмет.

Министерството за внатрешни работи преку своите единици специјализирани за нуркање, извршија пребарување. Меѓутоа, не е најден никаков предмет. Поради длабочината на езерото, каде што има доста нечистотија, кал, непровидливоста на водата, беше потребно да се употреби по софистицирана опрема за пребарување. Од тие причини е вклучено Министерството за екологија, да изнајми стручни организации способни да го вршат тоа пребарување.

Покрај ова и НАТО го вклучивме со свои екипи во ова пребарување. До сега нема позитивен резултат, односно не е најден никаков предмет.

Втората работа или насока на која дадовме служби е првенствено Дирекцијата за контраразознување, да ги провери сите овие информации да имаме сосема чиста ситуација, да не се работи за смислена шпекулација протурена во јавноста, за да се создаде вознемиреност и анти натовско расположение, затоа што деновиве добивме информација дека се подготвува една иста шпекулација, дури е направена и снимка на хеликоптер како се движи над едно езеро и хеликоптерот црпи вода, меѓутоа сега се прави монтажа да се прикаже во јавноста, дека еве дека во едно друго езеро се фрлил таков предмет и да се направи повторно во јавноста една состојба што ќе поттикне повторно вознемиреност и загриженост.

Значи, во две насоки, но до сега сите анализи и на водата, од сите аспекти, вклучително и од можна радиоактивност, нема такви елементи за загадување на водата. До сега, тоа е сигурно, дека нема никакви последици по здравјето на граѓаните, ниту пак е пронајден било каков предмет. Активностите и натаму ќе продолжат, но повеќе од сигурно е дека до сега не се потврдени овие информации.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за последните информации.

Го молам пратеникот Стојковски Благој, дали е задоволен од одговорот?

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Не знам кој може да биде задоволен, бидејќи и самиот министер се уште е во дилема дали навистина има фрлено предмет или нема. Информациите кои кружат низ Куманово се тие.

Според тоа не може никој да бидеме задоволни, бидејќи немаме никакви докази. Најсреќни ќе бидеме ако се докаже дека се тоа шпекулации и дека нема фрлено предмет. Граѓаните бараат по експедитивно работење и еднаш веќе да престанеме да стравуваме дали да ја пиеме водата или не.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед дека процесот на претражување и истрага е во тек, граѓаните ќе добијат информација, а ние како пратеници ако не ја завршиме, не го исцрпиме дневниот ред денеска на денешнава седница, на седниците во текот на наредната недела да добиеме дополнителна информација, доколку дојдат до нови сознанија.

Може ли така да заклучиме?

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Се согласувам така претседателе. Ова веќе на нешто личи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор побара г-динот пратеник Положани Азис.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Г-дине претседателе, г-дине премиеру, ценети министри, се јавувам во врска со една информација што мојот колега Исмет Рамадани ја бараше на минатата седница.

Се работи за Информацијата критериумите за распределба на Фондот на Министерството за градежништво за Локалната самоуправа, со цел на подобрување на водоводот и канализацијата.

Не ми е целта пак да елаборирам за можните критериуми, според кои се даваат тие средства, но да образложам за што и тој самиот наведе дека општина Лабуништа, сакам да ја образложам итноста поради која се јавувам сега, иако тогаш добивме одговор од Владата дека ќе биде подготвено за оваа седница, ќе имам трпение, иако нема таква информација, нека биде тоа во текот на седницата или идната седница, но итноста на мојава интервенција се состои во следното:

Се кажа дека од овие средства општина "Лабуништа" нема добиено ниту еден денар. Таму веќе има започнато инвестиција за водовод, а посебно за канализација. На проблемот ќе се осврнам од друг аспект.

Тој регион, во регионот на Струга, секогаш околу септември - октомври ние имаме појава на посериозен број заболени од хепатит, заразна жолтица. Не сакам само формално да го поставам ова прашање, туку со молба, поради тие можни заболувања во иднина, поради случаите што најмногу ги зафаќа децата, Владата да проанализира, ако има простор да ја види можноста и поради оваа причина "Лабуништа" да не ја остави со скратени раце во овој проект и да направи напори да најде разбирање да се дадат некои средства, министерот за градежништво може подобро да знае, овој започнат проект со канализацијата да се заврши.

Навистина не навлегувам дали има нешто од политички аспект, од партиски аспект, само просто од здравствени причини да се најде разбирање и некако да се најдат некакви средства, бидејќи заразните болести се опасност за целото општество. Овој регион една, засекогаш да не биде во ризикот од заразни болести. Мислам дека ова зависи и од оваа мала, но вредна инвестиција во овој дел од регионот на Струга.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Положани Азис.

Го молам претставникот на Владата дали би сакал да одговори?

Има збор министерот за градежништво, г-динот Душко Кадиевски.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Има писмен одговор на ова прашање. Изгледа пратеникот не го добил.

Меѓутоа, ќе се потрудам кратко да објаснам како се доделуваат тие средства.

Врз основа на доставена програма за инвестиционен објект, водовод или канализација, а обезбедено учество 50% сопствени средства.

Значи, врз база на тие критериуми се определува од Буџетот на РМ одредени средства за доизградба на такви водоводи.

Ми се чини дека за "Лабуништа" има одредени средства од Програмата на Компензациониот фонд на ФАРЕ, што не се објавува во весник. Со писмениот одговор ќе му се разјасни на пратеникот дилемата или има или нема.

Инаку, тие средства не се единствени што се издвојуваат за водоснабдување. Има и други фондови од кои може да се исцрпат средства за изградба на водовод, ако во случај, како што истакна пратеникот е толку итно, може да се пренаменат некои средства од веќе определените. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали г-динот Положани Азис е задоволен.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Јас ценам добрата волја и на министерот и на Владата нешто во овој аспект да помогне.

Да дообјаснам во овие можни проекти.

Точно е дека Програмата ФАРЕ нешто ќе финансира во општина "Лабуниште", поточно во Боровец, а Агенцијата за побрз развој за до завршување на инвестицијата за водовод во Подгорци, но јас конкретно побарав една помош, едно разбирање за канализацијата во општина Лабуништа, поточно во самото Лабуништа, кое е повеќе од 50% веќе инвестирано од локалното население. По тоа е познато и самото Лабуништа, па така мислам дека има простор за едно разбирање.

Ценам дека и министерот ќе најде за сходно, конкретно за канализацијата да се помогне.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед на фактот дека Информацијата е подготвена, а не ви е доставена, се надевам дека деновиве ќе ја

добиете и во писмена форма, а на следната седница ќе ве прашам дали сте задоволни од текстот на Информацијата или не сте задоволни.

Во секој случај постои добра желба, добра волја во Министерството да се разреши овој проблем, а министерот многу добро ги наброја формите, односно изворите на средства за да може да се помогне во разрешувањето на овој проблем.

За збор се јави пратеничката г-ѓа Марковска Ѓулистана.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Г-дине претседателе, јас имам мала измена во врска со редоследот на веќе предложените точки на овој пишан текст што го имаме пред нас.

Тоа е третата точка од дневниот ред, Предлог на закон за ратификација на билатералниот договор помеѓу РМ и Република Грција, за изградба и управување со нафтовод да биде уврстена како прва точка, од причина што веќе оваа точка ја имаме, а порано утврдено како точка на дневен ред.

Еден добар дел од парламентарното мнозинство ја има апсолвирано, така што би било добро да завршиме прво со неа.

Молам да се изјасни Собранието, барам согласност за ова. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на г-ѓата Марковска Ѓулистана.

По Деловник ќе го предложам дневниот ред и кога ќе го предложам дневниот ред ќе имаме во вид и ќе се изјасниме за распоредот на точките.

Добро, тоа ќе го направиме, само да завршиме прво со прашањата, кои што се надвор од дневниот ред.

Но, секако, ова ќе го земам како ваш предлог кога ќе гласаме за дневниот ред.

Збор има г-динот пратеник Пајковски Љатиф.

**ЉАТИВ ПАЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиер, претставници на Владата и колеги пратеници, јас во оваа прилика би сакал да побарам две информации од Владата.

Првата информација ја барам од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Имено, се работи за следното. Во едно од најголемите села во општина Ростуше, селото Скудриње во кое живеат 2.800 жители, во текот на 1997 година изграден е водовод со претходно обезбедување на сите потребни и технички проекти, како и потребни согласности и одобренија од надлежни институции. Според главниот проект водоводот треба да се приклучи на водоводот од изводот во Росоки за Дебар, кој во чиј главен проект, исто така, предвиден е крак за Скудриње. Иако за оваа инвестиција за која се потрошени околу 600 илјади ДМ, средства од разни институции во државата, како и сопствено учество на граѓаните, околу две години претпријатието "Стандард" од Дебар не сака да го приклучи водоводот, иако дури и со пресуда од Врховниот суд на РМ наложено му е тоа да го стори.

Барам министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за оваа седница да изготви Информација, што планира да преземе за решавање на овој горчлив проблем, заради што населението од Скудриње нема вода за пиење и постои опасност од појава на заразни болести.

Во таа информација ја барам од Министерството за здравство. Во подрачната единица на Фондот за здравство - Гостивар од пред неколку години воведена е сомнителна институција – континуитет. Според таа институција на сите оние кои од разни причини подолго време не биле пријавени при овој Фонд. Или биле во странство невработени и не пријавени во надлежни институции и друго, тогаш кога ќе сакаат да засниваат работен однос во некоја организација или да се пријават во Заводот за вработување им се бара континуитет во здравственото осигурување, а тоа значи плаќање по 500 денари за секој изминат месец. Па, така на некој кој му иде да плаќа и по неколку илјади марки. Ова се бара за нешто што овој Фонд не го има овозможено. Имено, се бара за здравствено осигурување, иако луѓето воопшто не користеле здравствена заштита или користеле, но плакале приватно.

Барам за првата наредна седница Министерството да изготви Информација за бројот на граѓаните на кои им се земени пари, според кој закон тоа е направено и дали тоа се применува во сите општини во Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Љатив Пајковски.

Во врска со првото прашање се јави за збор да одговори претставникот на Владата г-динот Кадиевски, како министер за урбанизам и градежништво.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Проблемот со поврзување на водоводот, кој оди до Дебар од страна на

Скудриње, е стар некаде повеќе од две години. Министерството за урбанизам и градежништво на една од средбите со претставници од Скудриње, побара да се достави целокупната документација за начинот на изградбата и условите и договорот помеѓу населението на Скудриње и Дебар, за можноста за нивно приклучување.

Јас еве во оваа прилика го повикувам и г. пратеник да се вклучи во докажувањето и во постапката за изнаоѓање решение на овој случај, кој не е така голем, меѓутоа се работи за самоволие на раководниот кадар во јавното комунално претпријатие Стандард од Дебар. Мислам дека набргу ќе го решиме тој проблем.

Инаку, финансиски средства за општината Скудриње при распределба на водовотие за оваа година има околу 4 милиони. Па, можеби ете така нешто ќе се побунат околу овој проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам за информацијата на претставникот на Владата, министерот за урбанизам и градежништво г-динот Душко Кадиевски.

Дали г-диниот Пајковски е задоволен од одговорот и да се вклучи во напорите за изнаоѓање на решение.

**ЉАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Јас во секој случај уште на почетокот и кога не бев пратеник, бев вклучен во разрешување на овој проблем, меѓутоа во секој случај ќе треба надлежното министерство, дали е тоа за градежништво или урбанизам, дали е за шумарство и водостопанство, да интервенира, затоа што понатаму самоволијата на "Стандард" од Дебар продолжуваат. И, ако вака остане состојбата, тогаш џабе се потрошени тие 600 илјади марки, а уште пострашно што Скудриње нема вода и не верувам дека некој друг, освен од Министерствата може да интервенира за да се реши проблемот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, мислам дека во тој случај ќе се бараат напори и начини да се реши, бидејќи се работи од субјективна природа, а пратеникот ќе се вклучи во интензивното барање на решението.

Во однос на второто прашање, молам дали претставникот на Владата би сакал да одговори, а тоа беше упатено до министерот за здравство.

Дали имаме претставник од Министерството за здравство? (Нема).

Тогаш, ќе ве молам потпретседателката г-ѓата Доста Димовска да одговори, дали Владата ќе подготви Информација.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Ќе подготви Владата Информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Владата се согласи да подготви информација г-дине Пајковски.

И за една од наредните седници ќе добиете Информација.

За збор се јави г-динот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Г-дине претседателе, врз основа на член 32 и 56 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, до Вас е доставено барање за поднесуваше на Информација за актуелните состојби од настанатите штети врз раноградинарските и други земјоделски култури, предизвикани со поројните дождови што го зафатија подрачјето на општина Гостивар на 5.06.1999 година и дел од подрачјето на општина Тетово. Тоа го испратив во писмена форма. На таа седница на Собранието присуствуваше потпретседателот на Владата г-дин Бедредин Ибраими. Цитирам: "На првата наредна седница ќе биде изготвена таа Информација што ја барав јас". Од тогаш па до денес, јас гледам дека не е тука г-динот Ибраими, се поминати 4 месеци и два дена. И покрај тоа што подрачјето на неговото родно место с. Речица беше поплавено, с. Палчишта и другите што ги набројав минатиот пат.

Истото, го поставив да се изготви Информација од надлежното Министерство и од Владата на РМ. Сега по вториот пат ни одговори г-ѓа потпретседател на Владата на РМ Доста Димовска и рече: "Се зема обврска Владата да даде Информација за состојбите со настанатите штети од поројните дождови што го зафати тоа подрачје од 15.06.1999 година‟. Јас истото го поставувам, двајцата потпретседатели на Владата зедоа обврска дека во првата наредна седница од таа прва наредна седница до сега, како што реков пред малку, поминаа 4 месеци и 2 дена. Барав во таа Информација да биде секако и до Владата формирана комисија за да излезе на лице место и да се процени настанатата штета за селата: Здуње, Речане, Равен, Балин Дол, Турчане, Врапчиште, Градец, Добри Дол, за тетовските села Палчиште, Речица, Порој и други.

Оваа не одговорност веќе после четири и повеќе месеци да се постави повторно како барање пред Владата, да се изготви таа Информација, јас мислам дека е

повеќе отколку не сериозна. Кога таа Информација ќе биде пред Собранието и кога настанатите штети ќе бидат проценети од страна на Владата на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на прашањето на г-динот пратеник Сејфедин Харуни.

Молам дали министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство г-динот Марјан Ѓорчев сака да одговори.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во повеќе наврати доставуваше информации за штетите од градот на територијата на РМ, врз посевите и раноградинарските култури, а процедурата за констатирање на тие штети е подрачните единици на Министерството излегуваат на теренот, прават записник на настанатите штети и тие се предаваат до Републичката комисија за проценка на штетите.

Во секој случај јас преземам обврска за наредната седница на Владата конкретно за овој случај да биде презентирана Информацијата со конкретна и точна висина на штетите настанати во тоа подрачје на РМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Харуни, лична одговорност понесе министерот за да достави до Владата на првата седница и вие веројатно ќе добиете одговор.

Дали сте задоволни од одговорот на Министерот?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не, само што не сум задоволен, туку г-динот министер не ќе биде во состојба тоа прашање и да го решава, затоа што тој не ги решил уште во времето кога беше и во Млекарница Скопје. Па, затоа го барам досието на стотици граѓани на кои се уште од тоа време не им го исплатил откупот на млекото. Јас вака усмено, како што секогаш по малку лед околу главата на секој пратеник, кој можеби малку е загреан да не олади, не можам да бидам уверен.

Госпоѓа потпретседател Димовска рече дека го респектира барањето на г-динот Харуни и во тек е таа Информација на изготвување. Тоа беше онаа втора седница од која што барав. Ако се респектира и ако се почитува она што пратеникот бара, тогаш нека самиот министер за земјоделство ни одговори. Тој после 9 години уште тоа не го исплатил, а сега на она што е пред четири месеци направената штета дека нешто ќе се направи чекор кон ублажување на тие штети на земјоделските култури и на земјоделските работници во тој дел.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сепак, мислам да го респектираме ветувањето што го достави министерот и на наредната седница Владата да подготви една Информација по ова прашање.

На тој начин мислам дека ќе биде демантиран и самиот пратеник, дека еве се исполнуваат ветувањата.

На екранот го имам името на г-динот пратеник Бузлески Димитар.

**ДИМИТАР БУЗЛЕСКИ:**

Бидејќи е ретка прилика вака да имаме полн состав на Влада присутен во Парламентот, јас исто така, сакам да истакнам една моја претходна активност која што беше во Парламентот, во врска со барање на информација за настанатите штети од невремето кое што го имаше погодено регионот на Ресен со падавини од град. Во таа прилика претставникот на Владата исто така, коко и во претходниот случај зеде обврска дека Владата ќе пристапи кон изготвување на таква информација и соодветно обратно таа Информација ќе ја достави до пратениците и по можност таквата Информација, ако одлучи Парламентот, може да се гледа на седница на Парламентот. Поминаа неколку седници, таква Информација немало добиено, но сеедно со оглед на тоа што веќе Општинската комисија, која што согласно Законот е формирана, има изготвено елаборат кој што ги констатира штетите и кој што елаборат укажува на тоа дека висината на штетата е во процент, во износ таква кој што овозможува споредбено со бруто домашниот производ, кој што се остварува во тој регион, тоа невреме да се третира како елементарна непогода.

Јас барам од Владата, со оглед на тоа што претстојат активности околу бербата на јаболката и околу потребата на индивидуалните земјоделци да знаат на кој начин ќе се надомести она што има третман како елементарна непогода. Заради тоа ја актуелизирам таа потреба од изработка на таква информација, во која што би било пожелно да се предложат и мерки, кои што ќе се на линија на реализација на обврските од Законот за елементарни непогоди, кои што се према државата, а во корист на индивидуалните земјоделци. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Бузлески Димитар.

Дали претставникот на Владата се согласува да подготви таква информација за една од наредните седници.

Г-дине Ѓорчев повелете.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Јас веќе напомнав дека во повеќе наврати ние презентиравме такви информации, дури и бевме на лице место на состанок со претставниците од индивидуалните производители во Ресен.

Констатирана е штетата, но морам да напоменам дека во случајот на град постои обврска за осигурување, во Заводите за осигурување во Македонија и не потпаѓа на третман на елементарна непогода. Но, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство констатираните штети заедно со Министерството за одбрана, во согласност со одредбите кои што беа за време на активностите, за време на НАТО-активностите кај Северниот сосед, преземавме заедничка обврска да ги информираме за настанатите штети и по тој основ да побараме евентуален надомест. Тоа е сторено во 70% од сите тие барања кои што се до нас доставени, а така беше информирано и населението во Ресенско каде што претставници на Министерството беа на разговор. Во секој случај и таа Информација ќе ја презентираме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам. Дали г-динот пратеник е задоволен од одговорот?

**ДИМИТАР БУЗЛЕСКИ:**

Мислам дека министерот направи одреден лапсус, нема законска обврска за задолжително осигурување на земјоделските насади, туку тоа е отворена можност по пат на облигационен однос индивидуално, одреден индивидуален земјоделец се одлучи дали ќе осигура соодветен принос или нема да осигура. Градот, според Законот е непогода и како таква непогода штом направи штета во процент над 10% споредбено со бруто домашниот производ на локалниот терен, во тој случај тој има и третман на елементарна непогода. Законот е стар од 1984 година и таквата прецизна одредба ја содржи, а тоа не е случајно.

Со оглед на тоа што од тој временски период датираат и обврските кои што држава Македонија ги има преземено за покривање на небото над државата Македонија, од можноста за такви непогоди со активирање на против градни системи, кои што беа една вносна инвестиција и која што во изминатиот период работеа и спречија евентуални такви настанувања на штети.

На министерот му е познато дека оваа година, а тоа имаше прилика и на самиот терен на кој што беше присутен да се увери дека таква активност од страна на надлежната државна институција не беше регистрирана и најверојатно и тоа придонесе да се нанесат во износ огромни штети врз посевите на индивидуалните земјоделци и сето тоа мислам дека заслужува посебно внимание и треба оваа држава да му даде таков третман, каква што е и потребата и какви што се очекувањата од индивидуалните земјоделци.

Нашите земјоделци не бараат ништо надвор од законот, тоа што е предвидено, а Законот за елементарни непогоди е се уште во сила и тој тоа го нуди.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали се согласувате со овие констатации на пратеникот, да се подготви информација.

**МАРИЈАН ЃОРЧЕВ:**

Јас веќе реков дека информација ќе подготвиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе добиете г. Бузлевски информација на поставеното прашање и барање.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Јас побарав збор, пред да настапи г. Бузлевски и сакам да дадам едно дополнение, по однос на кажувањата на претходниот дискутант.

Сакам да му ја скратам грижата за тетовскиот регион и со тоа сметам дека воопшто не е запознат со состојбите што се случуваат во тој регион.

Јас тука ќе дадам едно дополнување дека, подрачната единица во Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство во Тетово, си ја заврши својата работа, заедно со локалните самоуправи во Тетово, на местата каде што беа зафатени од поплавите, а тоа се местата Горно и Долно Палчиште, потоа Речица, како и Долно Полошкиот регион во општина Јегуновце. Изготвени се сите работи и се доставени до Комисијата на Владата за елементарни непогоди. Што значи дека информацијата набргу ќе стигне.

А од ова се гледа дека почитуваниот колега воопшто не е запознат со работата на подрачната единица на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство и настапот се гледа тука дека е паушален.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас го ценам ова што г. Борче Сибиновски го рече и навистина не сум запознат што на подрачјето на општина Тетово, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има превземено. Јас тоа го наведов дека такви штети од поројни дождови има и во овие села што ги

истакнав: Палчиште, Речица, Порој, Јегуновце.

Меѓутоа, јас барав информација и бев дециден за настанатите штети од градот на подрачјето на општина Гостивар, за селата Здуње, Равен, Речане, Градец, Добридол, Врапчиште, Турчане, Мало, Деловиште, Долна и Горна Бањица и т.н. Ако е тоа паушален податок, нека г. Борче ме извини и тоа јавно овде пред сите. Затоа информацијата јас ја побарав за ова подрачје. И дека е нешто направено на таа подрачна единица во општина Гостивар, јас не сум запознат. Само сум запознат дека граѓаните и натаму ми кажуваат кога се среќаваме, дека таа твоја информација уште ја нема. Ништо значи не е превземено.

А тоа што подрачната единица во Тетово има направено, значи јас сум задоволен, значи тие биле навреме подготвени, тие штети да се надминат. Па нека ми извини дека не само сега, туку и никогаш, паушални изнесувања не сум смеам тоа да го сторам пред Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека е расчистен случајот во однос на барањата.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Во последните десет години штетите од градот беа минимални, затоа што постоеше градобијна одбрана со ракети.

Јас би молел да се достави една информација, колку е учеството на густиот сообраќај на авионите од НАТО придонеле да не можат да се употребуваат овие ракети, а со тоа да се направат големи штети во Република Македонија и има ли можности тие штети да се наплатат од НАТО.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Ѕинго.

Дали претставникот од Владата чувствува потреба да одговори во врска со оваа информација, во врска со штетите што авионите на НАТО ги направиле да се блокира системот за градобијност.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Ќе дадеме информации.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Ние имаме предлог за донесување на одлука, за основање пратеничка група на Собранието, за соработка со Парламентот на Царството Јапонија.

Заложбата тоа да биде втора точка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почекајте да го предложам дневниот ред, па ќе расправаме дали ќе биде прва, втора и т.н.

Со оглед дека повеќе немаме барање за прашања, јас ви го предлагам за денешната седница следниот дневен ред:

1. Интерпелација за работата на министерот за образование на Владата на Република Македонија г. Ненад Новковски;

2. Интерпелација за работата на министерот за култура во Владата на Република Македонија г. Димитар Димитров;

3. Предлог на закон за ратификација на билатерален договор помеѓу Република Македонија и Република Грција за изградба и управување со нафтовод;

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на конвенцијата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Романија, за соработка на полето на заштита на растенијата и карантинот, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на конвенцијата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Романија, за соработка на ветеринарно - санитарно поле, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Сојузна Република Германија, за техничка соработка, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за ослободување од судски такси на штедилниците, врз кои е отворена стечајна постапка "Алфа-С" а.д. - Скопје, "Лафци" д.о.о. - Охрид и "ТАТ" д.о.о - Битола и доверителите на овие штедилници, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите;

9. Предлог за донесување на закон за вработување на инвалиди;

10. Предлог за именување заменик обвинител на Република Македонија;

11. Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија, за соработка со Парламентот на Кралството Јапонија;

12. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Ј.З.О. Медицински центар – Гевгелија;

13. Предлог на одлука за разрешување и именување заменик член на Државната комисија за избирачкиот список;

14. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и

членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџивасилев - Јасмин";

15. Предлог на одлука за давање согласност на статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Ј.З.О. Завод за здравствена заштита - Прилеп.

Тоа се точките кои се утврдени во дневниот ред.

Во врска со прашањето за изменување и дополнување на предложениот дневен ред, г-ѓата пратеник Ѓулистана Марковска поднесе предлог да имаме извесна измена во редоследот на точките на дневниот ред, со тоа што предложи точката 3 - Предлог на закон за ратификација на билатерален договор помеѓу Република Македонија и Република Грција за изградба и управување со нафтовод, да биде прва точка на денешниот дневен ред, а другите точки да си одат така како што се поредени. Односно првата станува втора, втората трета и т.н.

Ве молам дали се согласуваме со ваквата промена на точките во дневниот ред.

Прво да дискутираме дали има некое друго мислење, ако нема во тој случај таа инверзија би ја направиле и не би го повределе дневниот ред.

Дали некој бара збор во врска со предлогот на Ѓулистана Марковска.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

За да можеме да се изјасниме по ова прашање за промена на редоследот, мислам дека предлагачот е должен да даде образложение. Зошто смета дека точката бр. 3 е по приоритетна од точките 1 и 2, па треба да се гледа како прва, уште повеќе имајќи предвид, дека точките 1 и 2 се интерпелации за министри.

По секоја логика на нештата, во работата на Собранието на Република Македонија, или во било кое Собрание или Парламент, во било која држава, Интерпелации за членови на Влада се точки од највисок приоритет. Искрено речено, јас кога го видов полниот состав на Владата и присуството на премиерот, мислев дека е тоа давање значење токму на тие две точки Интерпелација на министрите Новковски и Димитров.

Сега всушност, може да се заклучи се прави промена на редоследот и многу повисок приоритет се дава на проектот Окта, со сите контраверзии што околу тоа произлегува, отколку кон она што значи структура, состав и одговорност на членови на Влада или на Влада во целина.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас веќе дадов образложение, зошто таа точка да се стави на дневен ред. Очекував дека и г. Црвенковски го слушна моето образложение, како впрочем и другите пратеници, а право на мислење секој да мисли дали Интерпелациите ќе бидат први или не. Третата точка, што е впрочем и точка на дневен ред, како трета уврстена веќе беше утврдена на една од минатите седници. И бидејќи е затекната точка, која што е во голем дел апсолвирана, поготово од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, од парламентарното мнозинство, сега веќе и од сите пратеници, од таа причина барав Собранието да се изјасни, со гласање, дали може да се уврсти како прва точка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека нема деловнички проблеми, во врска со померувањето на точките на дневниот ред, од проста причина што ние секогаш, како што гледате, законите ги ставаме на прво место.

Држи и тоа дека и Интерпелацијата, кои што ретко ни доаѓаат и нив ги ставаме напред, но да се изјасниме.

Ова прашање е на Парламентот.

Во оваа ситуација имаме предлог на пратеничката Ѓулистана Марковска да и извршиме промена.

Ве молам, го ставам предлогот на гласање.

Кој е за тоа третата точка од дневниот ред да ни биде прва точка.

66 пратеници се изјаснија да биде прва точка, 12 воздржани, 20 се против.

Според тоа, констатирам дека како прва точка на дневен ред е точката 3, а тоа е Предлогот на закон за ратификација на билатерален договор помеѓу Република Македонија и Република Грција, за изградба и управување со нафтовод.

Го молам г. пратени Бошков да не инсистира на една таква одлука, бидејќи одлуките секогаш доаѓаат подоцна и да можеме да ја ставиме како втора точка.

Бидејќи имаме закони, јас ќе бидам лично против да одиме со таквата точка.

Господине Бошков, дали го повлекувате предлогот.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас немам ништо против да биде оваа одлука, како што е редно.

Сакам само да укажам дека Царството Јапонија се однесува многу пријателски и ние должиме внимание да ја формираме оваа делегација час поскоро.

И во таа насока, плашејќи се дебатата да не биде долга, сакав да не биде долга и да не дојдеме до таа точка, сакам да биде како точка број два.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас се согласувам, но секако ќе дојде на дневен ред и уврстена е како точка на дневен ред, да не правиме проблеми, односно да не ја рангираме толку високо, бидејќи навистина имаме закони.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Во името на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз, а заради овие значајни измени во дневниот ред и поместување на третата точка на прво место, барам пауза од час - час и половина.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го ставам на гласање Предлогот на дневниот ред со измената што ја направивме, а тоа е точката 3 да биде точка 1 а останатите да се померат за едно место.

Молам кој е така да го усвоиме дневниот ред?

76 пратеници гласаа за, 17 се против, 7 се воздржани.

Според тоа, констатирам дека Собранието го усвои предложениот дневен ред.

Ве молам, во името на пратеничката група на СДСМ, со оглед на промената во дневниот ред, тие деловнички имаат право и побараа пауза да се подготват за точката.

(Пауза до 14 часот).

(По паузата седницата продолжи во 14,15 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

По паузата од 1 час, што ја побара Пратеничката група на СДСМ, продолжуваме со работа по усвоениот дневен ред:

Минуваме на точката 1 – Предлог на закон за ратификација на билатерален договор меѓу Република Македонија и Република Грција, за изградба и управување со нафтовод.

Текстот на законот, дописот на претседателот на Република Македонија во врска со не потпишувањето на указот за прогласување на Законот, договорот за купопродажба на акции и концесии и анексот кон договорот како и извештаите на работните тела Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор господинот премиер Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа.

Мотивот за моето обраќање по повод оваа точка е двоен.

Прво, затоа што претседателот на Републиката најде засходно да стави вето на овој закон, при што мораме да потенцираме дека во неговите два мандата на местото претседател на Република Македонија, ова е првпат да се стави вето на еден закон од економска природа.

И вториот мотив е што целиот договор околу приватизацијата на Рафинеријата и нафтоводот беше за сето време до денешниот ден проследен со бројни информации, дезинформации и шпекулации во средствата за јавно информирање, предизвикани нормално од дел од опозицијата, што е нивно нормално право и предизвикани дел од двете засегнати компании, тоа е фирмата "Мамидакис" и фирмата "Макпетрол", што е исто така нивно право, затоа што се засегаат некои постоечки нивни интереси.

Кои се мотивите за приватизација на Скопската рафинерија "ОКТА" и плус изградбата на нафтоводот Скопје – Солун. Мотивите се повеќе.

Прво, новата политика на Владата на Република Македонија, конечно Република Македонија да ја отвори кон странските инвестиции. Јас ќе потсетам дека Република Македонија во минатите осум години беше нај затворената држава за странски инвестиции од 24 земји на Источна Европа и Централна Азија.

Вториот момент, ќе ве потсетам дека во моментот кога се смени Владата на Република Македонија, нашата земја беше третирана според европскиот часопис "Евромани" на 153-то место по отвореност и можности за инвестирање од 182, 183 земји во светот. Значи убедливо последна четвртина на земја отвореност према странски инвеститори и вклучувајќи го и ризикот за инвестирање во таа држава. Тоа е првиот момент да ја промовираме вкупната отвореност и либерализирана економија на нашата држава.

Третиот момент, кој исто така не можеме да го потцениме, а многу е важен, затоа што зависи исто многу економската судбина на Република Македонија, тоа е ставот на ММФ и на Светската банка. Јас морам да ве потсетам дека некаде во средината на 1998 година претходната Влада, во името на претходната влада господинот Таки Фити потпиша договор со

ММФ и со Светската банка, за затварање на 12 најголеми загубари во Република Македонија и за жал она што ние го дочекавме како Влада на Република Македонија, на третиот ден од нашето конституирање, беше таа прва посета на ММФ и дојдоа веднаш да ни кажат дека според обврските на старата Влада до јуни 1999 година, ние треба да ги затвориме 12-те најголеми загубари во Република Македонија.

Она што можевме да го направиме во првата фаза, од сите тие долги преговори кои не чинат еден договор со ММФ и Светската банка едно одлагање кое требаше да го направиме некаде на почетокот на оваа година, па го префрливме кон крајот на оваа година и очекувам да дојдат во октомври, е што го поместивме затворањето на првите четири фирми, а тоа се стриктно наброени четири фирми, бидејќи тука има министри од претходната Влада, можат многу добро да се потсетат на тој договор, што тие го потпишале во името на Република Македонија, тие четири фирми се конкретно набројани Рафинерија "ОКТА", "ФЕНИ-МАК" и "Фени" се сметаат како две фирми и "ХЕМТЕКС".

Вчера во пресрет на денешната парламентарна седница, уште еднаш имав разговор со претставниците на ММФ и Светската банка, уште еднаш по незнам кој пат да побарам од нив дали има простор за одлагање на новиот рок кој успеавме да го поместиме, а тоа е 30 септември да направиме нешто овие четири фирми "ОКТА", "ФЕНИ-МАК", "ФЕНИ" и "ХЕМТЕКС" да се смени политиката, односно некое ново пролонгирање. Нивниот став е многу јасен и многу дециден како и претходниот.

Значи, оваа Влада, новоформираната Влада потпиша договор, наследи договор потпишан од министерот Таки Фити во името на Македонската Влада во средината на 1998 година, при што ние моравме само да ги наследиме обврските за исполнување на тој договор. Тука има еден момент што тие 12 фирми загубари до овој момент до денеска, значи за 12 фирми загубари нашата Влада успеа да најде само за една фирма стратешки партнер, кој е заинтересиран да влезе во приватизација и на тој начин да не се затвори фирмата. Тоа е фирма "ОКТА". Сите други 11 фирми од списокот кој е потпишан од претходната Влада се уште висат во воздух и за жал ние веќе до крајот на септември ќе мораме да преземаме одредени чекори, нормално со обезбедување на тие работници кои работат во тие фирми, за да можеме да ги продолжиме разговорите со ММФ и со Светската банка и Република Македонија да не го изгуби својот меѓународен кредибилитет.

Значи потенцирам, од 12 загубари потпишани од претходната Влада, ние досега успеавме да најдеме само за една фирма стратешки заинтересиран фактор и тоа е предмет на големо оспорување. Значи алтернативата на не приватизирање на рафинеријата "ОКТА", е затварање на 30 септември после 15-тина дена од денеска натаму заедно со другите три фирми, кои се спомнати на списокот. Доаѓаме до моментот, зошто ММФ и Светската банка, толку инсистираат на овие четири фирми.

Дами и господа, ние мораме да се погледнеме во очи и да си кажеме дека тоа не е некој хир на ММФ и на Светската банка, туку тие излегуваат со конкретни податоци и ви велат: овие 12 фирми во претходното осумгодишно работење покажале огромни загуби во нивната работа. Цифрите мислам дека повеќе или помалку се познати, некаде "ФЕНИ-МАК" со на 2, 3 пати отпишување стигна до 80 милиони долари, ако не се лажам до 60 милиони долари, а можам да ви кажам дека на тој список "ОКТА" не е ставена исто така случајно, затоа што тука според мене кој ги имам информациите од Завод за платен промет на 31.12.1998 година, вкупните обврски на "ОКТА" Акционерско друштво изнесуваат 142 милиони германски марки или уште по конкретна цифра која многу добро ја илустрира позицијата на "ОКТА" која ние ја затекнавме како Влада, а е создадена од работењето на периодот на старата Влада тоа е следната цифра. Запишаниот капитал изнесува 916 милиони денари на ОКТА, а едновремено вкупната загуба изнесува 2.243 милиони денари, така што запишаниот капитал е недоволно да ја покрие загубата, односно ако пресметаме добро некаде над 2 пати обврските на "ОКТА" се поголеми од капиталот што го поседува "ОКТА". Тоа е податокот зошто ММФ и Светската банка "ОКТА" ја имаат ставено прва заедно со "ФЕНИ-МАК" и со "ХЕМТЕКС", дека до 30 јуни, односно сега според новото префрлање на пролонгирање на договорот до 30 септември треба да бидат затворени. Јас можам да кажам многу гласно дека, алтернативата на не приватизирање на рафинеријата "ОКТА" е повеќе од јасна, затварање заедно со другите три фирми и нови 1.200 вработени на улица. Значи имаме една ситуација од 12 загубари, само за една е најден стратешки инвеститор да влезе во приватизацијата и тој стратешки инвеститор се оспорува и цело време се критикува. Така што тоа се мотивите, зошто нашата Влада влезе во својата програма за приватизирање, а јас можам да ви кажам дека не само за рафинерија "ОКТА", ние и

за другите фирми 12 загубари нудиме 10 пати подобри можности отколку ова што го добивме за рафинеријата, меѓутоа никако да најдеме странски инвеститор. Класичен пример е "ФЕНИ-МАК", каде што "ФЕНИ-МАК" го даваме за еден долар, меѓутоа никакви други обврски понатаму да не преземаме и до ден денеска не можеме да најдеме стратешки инвеститор, а сличен е примерот и со некои други фирми, слично е и со "ХЕМТЕКС".

Да одиме понатаму. Би се префрлил на економските параметри, при што би се задржал само на оние за кои сметам дека има простор да се бранат, или треба да се одговорат сериозно. Не би навлегувал во шпекулациите, кои сето време ја следат оваа рафинерија. Ќе спомнам дека најдолгата шпекулација беше дека Грците, односно "Хелник-петролеум" откога ќе ја купат рафинеријата "ОКТА", ќе ја затворат за да работат нивните грчки две рафинерии. Таа беше шпекулација која се влечеше можеби половина година, при што кога се виде дека работата воопшто не стои, таква работа почнаа со некои други шпекулации, незнам, "Хеленик-петролеум" пропаѓал па сега ќе ги продавал акциите на српски "Југо-петрол, па незнам ваква комбинација, таква комбинација. Јасно се демантирани не само од фирмата "Хелник-петролеум", туку и од министри во Владата на соседна Грција, посебно господинот Венизелос со конкретни изјави дека таква работа ниту постои во разговори, ниту пак Грција има намера таква трансакција на акциите да прави, туку дека тие се сериозно, максимално заинтересирани за она што го почнале.

Меѓутоа, еве да одиме и со економските параметри. Да ги повторам уште еднаш, затоа што мислам дека многу добро ги знаете. Стратегискиот инвеститор согласно овој договор, треба да купи 54% од "ОКТА" за 32 милиони долари, плус тој да вложи 40 милиони долари за нејзина модернизација, да направи нафтовод Солун – Скопје, со предвидена вредност од 90 милиони долари и да направи плус вложување во бензински пумпи во вредност од 20 милиони долари. Значи севкупната инвестиција изнесува 182 милиони долари. Тоа е убедливо најголемата странска инвестиција, која Република Македонија ја памти во оваа генерација.

Ќе спомнам уште еден друг податок. Согласно официјалните проценети вредности и истите потврдени при продажбата на делови од нафтениот комплекс во државата, во претходната Влада вредноста на се што е досега направено во енергетиката во последните 50 години е 260 милиони германски марки, а вложувањето на странскиот инвеститор во овој договор е 320 милиони германски марки. Значи оваа Влада донесува инвестиции за неколку месеци кои се поголеми, од се она што е инвестирано во просторот на енергетика во нашата држава. Во таа насока јас можам да кажам еден следен податок, а тоа е дека според проценките кои ни се дадени за цената на чинење на рафинерија, која е изградена пред 20-тина години, таа чинела 78 милиони долари, а ние сега ја продаваме за 60 милиони долари.

Дами и господа, јас како премиер на Владата на Република Македонија длабоко сум убеден и гарантирам дека ова е најскапата приватизација, најскапо наплатената приватизација во име на Република Македонија, од сите оние приватизации кои се прават во нашата Република во минатите три до четири години. Ве молам демантирајте ми дека има некоја поскапо платена фирма, отколку онаа што оваа Влада по пат на разни притисоци успеа да ја продаде на "Хеленик-петролеум".

Да одиме понатаму, во разните оспорувања постојано се зборува Република Македонија дава ексклузивност, Република Македонија гради монополи. Еве што е мислењето за таа критика. Нормално со право треба да се даде одговор. Мора да се напомене дека, ексклузивните права не се даваат на странскиот инвеститор, туку на "ОКТА", во која има 46% домашен капитал.

Второ, битно е ексклузивните права се идентични со она што денес го имаат веќе "ОКТА" и Макпетрол заедно и доколку се тие толку интересни секој кој вложил пари во "ОКТА", или акции да купи може да ги има истите. Основното ексклузивно право на "ОКТА", согласно член 5 став 1, е дека во првите 5 години за секои 5 тона произведени деривати, "ОКТА" има право согласно енергетскиот биланс да увезе еден тон деривати. Од ова произлегува дека увезените годишни количини можат да бидат на ниво од 16,6% од дериватите кои "ОКТА" може да ги произведува, а се потребни на Република Македонија, согласно енергетскиот биланс. Ова право произлегува од потребите да се усогласат потрошувачката на дериватите во државата и производството, кое може да се добие при изработката на поедини типови на нафта. Ова право помага во првите 5 години кога се прават инвестициите, да не се оптоварува "ОКТА" со пазарни вишоци на деривати од производството, туку производството да се димензионира така да сите деривати кои се произведуваат можат да се продадат во државата. А пазарните кусоци кои притоа можат да се јават кај одредени деривати да се надокнадат од увоз. Ова

практично не е ексклузивно право, туку помош за консолидација на "ОКТА" во времето кога таа ќе вложи нови 72 милиони долари и право кое произлегува од овие вложувања. Тоа право без ограничување може да го користи секој домашен правен субјект, ако вложи акции во "ОКТА".

Она што е посебно важно во изминатите години, тоа ексклузивно право во најголем број случаи го користеа само Макпетрол и "ОКТА" во Република Македонија. Значи тоа ексклузивно право досега беше исто така применето, со тоа што само не беше вклучено во договор и ограничено на 5 години. Само во последните 4 години овие две фирми имаат увезено над 1 милион тони деривати под исти услови како "ОКТА" ги има со новиот договор, ќе ги има во наредните 5 години, но за увоз на само 16,6% од енергетскиот биланс што за очекуваната потрошувачка на деривати во наредните 5 години нема да помине 900 илјади тони.

Второто ексклузивно право е на стратегискиот инвеститор и тоа се состои во наредните 20 години странскиот инвеститор да има право на соработка во проекти на рафинерии и нафтоводи на територијата на Република Македонија. Со овие 20 години постојано гледам се шпекулира во јавноста, тие ќе имале монопол, ваков, таков, онаков. Значи потенцирам најодговорно уште еднаш што можете да си го прочитате и во договорот спомнуваното право за 20 години е право на монопол на одреден монопол на соработка, ако некој утре сака да гради нова рафинерија во Република Македонија, или да гради нов нафтовод во Република Македонија. Тоа е ексклузивитетот и не засегнува во никакви по сериозни економски сфери на Република Македонија.

И конечно пак сакам да потенцирам дека, ова ексклузивно право повторно го има на себе секој оној кој ќе сака да вложи акции во рафинеријата "ОКТА", а јас ќе потенцирам дека во овој момент има 46% слободни акции и секој како фирма, како индивидуалец ако смета дека ова е нешто посебно и екстра што го дава Македонија, може слободно да си купи акции и да ги очекува нормално профитите, затоа што очекуваме во текот на наредниот месец акциите на рафинерија "ОКТА" да одат на две берзи и на атинската берза и на лондонската берза со што ако не се лажам тоа ќе биде можеби, можеби ќе сум во право, првата македонска фирма која се појавува на лондонска берза, односно на берза која има своја комплетна сериозност.

Конечно мораме да потенцираме и некои други моменти, тоа се моментите со кои исто така се шпекулира дека ние овозможуваме на новиот инвеститор во рафинеријата "ОКТА" и изградбата на нафтоводот некои ексклузивни профити.

Дами и господа, јас уште еднаш ќе потенцирам, Македонија е држава која ние ја затекнавме на 153-то место по отвореност и безбедност на странските инвеститори, кога дојдовме на власт и последна земја по странски инвестиции од 24 земји во земјите на транзиција. Јас ви го поставувам прашањето за да мотивираме ние некој странски инвеститор да вложи свои пари, а овде се работи за 180 милиони долари, кои услови ние треба да му ги дадеме на тој странски инвеститор. Денес просечната заработка на берзите во Америка е да вложите свои пари и ништо да не ризикувате е некаде околу 25%. Значи за четири години ви се враќа 100%. Тоа е просекот.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

А има фирми ако малку ризикувате можат и да ве вратат до 60% капитал вложени чисто пари на берза.

Република Македонија, според пресметките направени од нашите стручњаци не за 4 години, овој странски инвеститор ќе ги вложи, туку дупло од 4 години може да се надева дека може да ги врати повратените пари од оваа инвестиција, ако не очекува профитот да му биде зголемен на 2 други извори:

Прво, да купува сурова нафта за преработка далеку под светските берзи, што мислам дека нашиот партнер ја има таа можност и тука очекува свои профити, а погледнете ги нашите купувања до сега на суровата нафта, па би било добро да се постави прашањето на анализа колку Макпетрол и "Окта" во минатите 5 години купувале сурова нафта по светските берзи, ќе видите дека нема еден пример, каде што е купена цената на светската берза. Сите се над цената на светската берза. Значи, очекувањата од новата менаџерска екипа за остварување на некој посебен профит надвор од оваа инвестиција се прво во купување на суровата нафта далеку под светската берза, што никој наш менаџер тоа досега не го направил.

Вториот момент е во обезбедување на одредени грантови преку нивни канали, што Република Македонија повторно сама не може да го обезбеди и наше е дали ќе завидуваме што тоа може некој друг да го обезбеди, или има такви пристапи, а ние тие пристапи не можеме да ги обезбедиме. Значи, во овие два елементи се наоѓа просторот за

обезбедување на профит кој, можеби инвестицијата за нив ќе ја доближи до реалната исплатливост на инвестиција во некои светски норми од 4 години на враќање на странски инвестиции, при што јас мислам дека и тоа тешко ќе им помине да можеме за 4 години да можеме да очекуваме враќање на оваа странска инвестиција.

Дами и господа, ќе спомнам некои карактеристични бројки. Често се зборува, нафтената индустрија има големи профити, вакви профити, такви профити и зошто ја даваме. Јас сум човек кој сака да верува во бројки и во официјални податоци. Погледнете ги годишните извештаи на нашата рафинерија "Окта". Една деценија наназад рафинеријата "Окта" и носи на РМ само загуби, при што на три пати и се отпишувани или преземани долговите и тоа во 1990 година од Југословенската федерација се преземени, долгови, 1995 година ми се чини се преземени околу 3,5 милиони долари и во 1998 година во првиот месец од доаѓањето на оваа Влада таа прифати некаде околу 16 милиони долари нови долгови на Рафинеријата како државни долгови, односно претварање на акции. Тоа беше процедура која веќе беше отпочната старата Влада и ние само ја потврдивме на една од нашите седници, затоа што Рафинеријата требаше да ја затвориме уште на почетокот на годината. Значи постојано се кажува има некои профити, огромни профити. Можеби и постојат некаде и тие профити, меѓутоа дами и господа јас во годишните завршни сметки ниту на рафинерија ниту на Макпетрол тие профити не можам да ги видам.

Ако тие профити оделе некаде на друго место, ако претходната Влада се чувствува постручна дека во таа фаза можеби подобро работела, тоа е веќе друг начин, нека повелат и нека кажат каде се тие профити. Ние во завршните сметки во минатите 5 години ниту на Рафинерија "Окта" ниту на "Макпетрол" не видовме профити. Едноставно, Рафинеријата загуби. "Макпетрол" има по еден милиони или 2 милиони марки, ако не се лажам профити, што е подобро од Рафинерија. Меѓутоа, ќе кажам еден многу карактеристични податоци.

За 8 месеци од 1998 година цената на барелот на Светската берза на нафтата беше 9 долари во просек. Осум месеци цената на барелот на светските берзи беше 9 долари, а другите, до крајот на годината беа по 12 - 13 долари. Значи, најниска година со светски цени на берзата на барел нафта. Цената на малопродажбата изнесуваше 38 денари.

Оваа Влада дочека една несреќа на светските берзи, каде што барелот на нафта доживува сопствени рекорди, се качи на 23 долари цена по барел и тоа можете да го видите дека во цел свет се покажува цената на бензинот. Ние како Влада само за 1 денар ја покачивме малопродажната цена на бензинот во РМ. Значи ќе ви повторам, за да ви остане добро сликата. Со 9 долари цената на берзата на барел нафта на светските берзи имавме 38 денари малопродажни цени, со 23 долари имаме само 1 денар плус, тоа е 39 денари. Според пресметката која ние овде ја имаме, можете дополнително да ја добиете ако сакате, профитот од 9 долари до 23 долари за една година, дами и господа е 54 милиони марки. 54 милиони марки ако имаме реално купување на таа цена на Светската берза и продажба по 38 денари. Јас не сакам да испитувам каде се профитите, можеби некој од вас многу подобро знаат, меѓутоа 54 милиони марки е точно утврдената пресметка да продавате во РМ барел нафта купен по 9 долари и по 38 денари малопродажна цена и барел нафта купен 23 долари со 39 денари малопродажна цена. Ако сакате и ако имате расположение ние можеме во една дополнителна фаза и да се потрудиме да видиме каде е таа разлика. Јас само сега ја кажувам математички дека е точно, дека во право се некои новинари, опозициони претставници кои тврдат дека во бизнисот со нафта има големи профити.

Проблемот е само што не знаеме каде се досега тие профити. Ние започнуваме повторно од нула и повторно да градиме една политика кога ММФ секој ден не притиска да ја затвориме Рафинеријата. Немаме намера да правиме експеримент, затоа се решаваме приватизацијата со јасна цена да ја продадеме на Солунскиот партнер, а тој профитите на кои ќе ги овозможува, тоа е работа која е веќе расчистена во нашата идеолошка свест. Мислам дека веќе далеку влеговме во светот на капитализмот и пазарната економија и оној кој има искуство и способност да вади профити од овој бизнис нека му е со среќа. Ние до сега како држава во минатата деценија се покажавме дека не знаеме да вадиме профити од нафтата. Не само што не знаеме да вадиме профити од нафтата, туку правиме и огромни загуби кои целата држава и целиот народ мора да ги плати дополнително.

Понатаму, една друга теза која во последно време ја слушаме многу, а таа е, сега е времето, во Југославија се срушени

рафинериите, сега треба да го раскинеме договорот со Грција, затоа што можеме да продаваме нафта во соседна Југославија. Дами и господа, јас ќе кажам неколку елементи:

Прво, Меморандумот за намери со грчкиот партнер беше потпишан некаде 2 месеци, пред било кој да помисли дека ќе има НАТО интервенција на Србија, на Косово.

Второ, Договорот верификуван меѓу министрите, меѓу кои беше од нивна страна г-динот Венизелос, министер за развој, беше направен некаде месеци и пол пред да заврши војната во Србија. Значи, во сред војна, "Хеленик-петролеум" и грчката Влада се согласија да го потврдат она што го почнале пред 2-3 месеци, иако можеа многу лесно да го одложат, да кажат чекајте да заврши војната, па после ќе го потпишуваме. Тие се согласија да го прифатат ризикот во средина на војна и да го потврдат договорот дека тие стојат зад тој договор, што во тој момент дадоа многу голема поткрепа во стабилноста на РМ.

И конечно на главниот момент. Тезата дека, затоа што сега нема рафинерии во Србија, ние треба да ја одложиме приватизацијата и со тоа да се спротивставиме на ММФ, до 30 септември да не го затвориме кога се приватизира, е истата онаа цена која за жал, јас морам да кажам и тие луѓе ќе добијат посебно овластување во моментот кога треба со комплетни гаранции за нивната иднина, е истата теза која денес ја слушаме, за жал, повторно ќе речам, од работниците на "Фенимак", кои велат сега цената е покачена на 7.300 долари, не треба ММФ и Светската банка да бараат да се затвори, ниту Владата тоа треба да го прифати.

Дами и господа, при тоа се заборааат сите досегашни долгови и при тоа се заборава дека ние сме имале години на уште повисока цена на никелот, а повторно на крајот имало загуби. Исто и со Рафинеријата. Ние сме имале и по убави периоди за Скопската рафинерија, тоа е периодот на ембаргото спрема Југославија и повторно сме имале загуби на крајот од годината. Истото ќе биде и сега. Приказната дека Србија нема Рафинерија и затоа ние треба да го скршиме она што сме го договориле, прво е комплетна меѓународна не сериозност, второ економски не држи, затоа што правиме стратегија за една година или за година и пол, додека Србија ги рехабилитира своите рафинерии, после го поставуваме прашањето, што после. Меѓутоа, тука има и еден друг момент.

Јас ќе ве потсетам дека пред некаде година и пол, исто беше многу актуелно затворањето на скопската рафинерија и ќе ве потсетам дека еден министер од претходната Влада дури доби и Интерпелација, затоа што застана тогаш во интересот на скопската рафинерија. Ќе ве потсетам дека тезата тогаш беше дека скопската рафинерија е старо железо, која што поскоро се затвори, толку подобро ќе биде за Македонија. Во исто време, не сакам да дискутирам, новинарите кои денес ја бранат тезата за против оваа приватизација на Рафинеријата, истите многу добро се сеќаваат на нивните текстови кои зборуваа и пишуваа во тогашните весници дека скопската рафинерија е старо железо, ништо не чини, освен да ја затвориме што поскоро. Ќе ве потсетам дека тезата беше дека скопската рафинерија воопшто нема модерна продукција, нема модерна технологија и слободно можеме да ја наречеме мазутара, заради високиот процент на производство на мазут. Во бранењето на тие тези ја имаше следната констатација. Тогаш беше спорот со Хрватска. За Македонија ќе биде поевтино да увезува бензин и нафта од Хрватска со целиот транспорт до овде, отколку да работи скопската рафинерија и ние како граѓани да купување од неа. На таа теза многу добро се сеќавате верувам, затоа што еден министер на СДСМ, имаше јасна интерпелација по тоа прашање.

Сега господа јас ќе го поставам обратното прашање. Ако Србија нема рафинерии, а нашата рафинерија е со стара технологијата, мазутара, со старо железо, зошто Србија да купува нафта и бензин од РМ, зарем не и подобро од Унгарија да си донесе, по Дунав и т.н. Конечно, од Хрватска ќе увезе ако им е толку евтино, како што некои нас не убедуваа дека нашата е со комплетно застарена технологија.

Јас ќе кажам само една работа. Точно е дека преку оваа рафинерија може да се продава нафта и бензин во Србија, меѓутоа откако ќе биде мобилизирано, со отстранување на сите тесни дупки во процесот на производство, со нова опрема, со смалување на одредени губитоци. Тогаш, најверојатно ќе бидеме конкурентни во Србија. Меѓутоа, очигледно дека ние немаме капитал да вложиме и тоа да го направиме. Така да приказната дека сега е шансата да ја разработиме Рафинеријата и да продаваме во Србија, е приказна која мислам дека прво не држи од економска

природа, а второ мислам дека со вакво објаснување, не само пред Грција, туку пред целата меѓународната заедница ќе испаднеме комплетно не сериозни како држава.

Конечно, да спомнам неколку пропратни елементи, кои сметам дека посебно во овој момент се важни.

Прво, ни еден работник на Рафинеријата нема да биде отпуштен, што е јасно ставено во Договорот.

Второ, во инвестициите од 90 милиони долари за изградба на нафтоводот, апсолутно ќе учествуваат најголем број на наши фирми и градежни и производствени, пред се оние кои се занимаваат со производство на ваков вид на материјали потребни за нафтоводот.

Понатаму не сакам да потцениме фактот дека овој договор практично е врзан во конкретен пакет со нова приватизација на ТЕ Неготино. Дами и господа, ТЕ Неготино 20 години како е направена, ако соберете во тие 20 години колку време работела, потемна година е нејзиниот работен век. Значи, на една година максимум до 1 месец работи со таа термоелектрана. Значи, оживуваме еден мртов капацитет, кој ќе биде исто така приватизиран во проекција за неколку месеци, затоа што мазутот од скопската рафинерија и тоа е другата тајна зошто очекуваме дупло производство на рафинеријата, од она што било досега. Тоа е една од работите, нови придонеси за Македонија. Дупло производство од досегашното производство што го имала рафинеријата, нашите работници таму ќе произведуваат, затоа што досегашниот вишок на мазут да се употреби во ТЕ Неготино, која создава две други можности. Во колку проценти на акции грчкиот партнер ќе купи акции од ТЕ Неготино, 49 или 51, тоа е веќе втора работа за која ќе се договараме дополнително, за толку се обврзува да извезува струја за Грција. Значи, оној што ќе ги купи акциите од термоелектраната, се обврзува да извезува струја за Грција. Повторно директен извоз на кој еден мртво објект ќе претвориме во нов објект, кој ќе биде посебно атрактивен.

Вториот момент кога зборуваме за мазутот е следниот: со зголемувањето на дупло производство на севкупните капацитети на Рафинеријата "Окта", ќе се создаде посебен вишок на мазут, затоа што така е поставена. Тој мазут ќе биде употребен за давање на нашите оранжерии и земјоделски претпријатија, со рок на отплаќање од неколку месеци, со што на директен начин ќе го поврземе и производството на земјоделските производи во РМ, во оранжериите и во земјоделските фирми. Таква политика досега, повторно можам да кажам скопската рафинерија никогаш и практично и немала.

Еве тоа се некои од економските параметри, кои јас сакам уште еднаш да ги потенцирам, иако другите економски параметри можете јасно да ги видите во Договорот кој е пред вас, при што сакам да потенцирам една работа за која повторно се дискутираше.

Дами и господа, договорот кој вие треба да го ратификувате денес во Парламентот, не е договор за приватизација на скопската рафинерија. Скопската рафинерија веќе е приватизирана со закони и услови кои се предвидени со другите закони. Тоа го прави Агенцијата за приватизација. Договорот за кој зборуваме денес е само договор со кој се потврдува изградбата и гаранциите на нафтоводот Скопје - Солун. Значи, да направиме таа дистанца, затоа што гледам дека и тука се прават забуни вака - така. Значи, овој Договор кој треба да се ратификува е само за нафтоводот Скопје - Солун, додека самата приватизација на скопската рафинерија нема потреба од ратификација во Парламентот. Вие многу добро знаете дека, ратификационите постапки си одат по една сосема друга постапка во РМ.

Кога зборуваме за нафтоводот Скопје - Солун, одеднаш испадна во РМ, според некои текстови како оваа Влада да го има измислено нафтоводот како идеа. Јас ќе ве потсетам дека 30 години station наназад во развојната стратегија на РМ, вклучувајќи ја развојната стратегија на МАНУ, нафтоводот Скопје - Солун е многу јасно дефиниран како витален проект за нашата економија.

Значи, не е тоа нешто што ние го измисливме, туку тоа е нешто што е планирано со генерации пред нас, а нашата гордост е во тоа што претходните години тоа не успеале да го направат, а ние еве успевавме да го направиме.

Вториот момент кога зборуваме за нафтоводот, сакам многу јасно сите да знаете и мислам дека тоа е повеќе од јасно. Ако Македонија има стратешки интерес да гради нафтовод Скопје - Солун, едно е повеќе од јасно. Македонија и да има пари, како што ги нема во овој момент, за да се задолжува, туку затоа го дава како странска инвестиција, вториот партнер за да успее овој проект мора да биде грчки.

Нема друга приказна за тој проект. На југ е Грција, Солун е во Грција, пас или е "ЏОИН ВЕНЏАР", сега прашање е на акциите, дали ќе бидат толку или онолку, дали ќе инвестираме со кеш пари, или додаваме како директна инвестиција. Инаку, повеќе од јасно е дека нема друг партнер низ цел свет што можеме да го најдеме да гради нафтовод Скопје - Солун, ако не е од друга страна грчки партнер.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Во таа насока сакам да потенцирам една друга шпекулација дека, ако овој нафтовод утре продолжи да се развива према Југославија и према Косово или према било каде, јасно стои во Договорот дека Република Македонија ќе наплаќа од поминувањето на нафтата на нејзината територија по услови кои се нормални во светската пракса за такво поминување, така што на тој начин правиме еден проект за иднина, затоа што јас сум сигурен дека Центарот на Балканот ќе има некакво стратешко интересно поврзување на Нафтоводот во некоја перспектива понатаму.

Исто така, сакам да потенцирам дека во целата оваа дискусија која се водеше и дискутираше, дури и во писмото на вето на господинот претседател, оваа дискусија е обоена со многу политика, со многу идеологија и очигледно јасни, односно според мене нејасни позиции по многу прашања.

Прво, постојано се коментира во јавноста дека е тоа странски инвеститор, дека ние нешто додаваме на странец и т.н.

Дами и господа, мислам дека не треба да дефинирам некои работи кои во светската пазарна економија се јасно дефинирани. Странскиот инвеститор е странски инвеститор до моментот до кога го вложи својот капитал во одредена земја. Во моментот кога ќе го вложи својот капитал во одредена земја, станува домашен капитал на онаа земја која тоа го има примено и го штити. Јас ќе споменам само еден пример. Претходната Влада, еден стратешки објекти на Република Македонија тоа беше Скопската железара, кој не е изграден за 78 милиони долари, за приближно милијарда марки, проценката на Скопската железара е дека е изградена некаде за околу милијарда марки, го продаде некаде на два дела, на Дуферко, на Мак стил и на Балкан стил. Едната сума ми се чини дека беше околу 35 милиони германски марки, другата не знам, можеби е помалку од 35 милиони германски марки и т.н. Значи, нешто што чинело милијарда марки, што ја чинело оваа држава милијарда марки беше продадено за некоја многу мала сума, меѓутоа она што е интересно и двата дела беа продадени на странски партнери и едниот дел, позначајниот беше продаден на партнер од северниот сосед од соседна Југославија.

Дами и господа, во првиот момент, во првите неколку месеци од нашето доаѓање тој странски инвеститор од северниот сосед наиде на голем проблем и со Америка за извоз на својот продукт и за Европската Унија, за некои ситни шпекулации. Јас како премиер за овие девет месеци пред Европската Унија и Америка писмено сум интервенирал само за тој случај. Нема друг случај. Зошто? Затоа што и на едниот и на другиот објект им пријдов дека тие се македонски фирми и како македонски фирми нас ни е во интерес тие да произведуваат, да вработуваат, да пласираат пласмани и нема друга стратегија освен таа.

Во моментов кога Балкан стил со сопственост на српски капитал купил дел на фирма на Република Македонија, таа е веќе наша фирма и третманот на оваа Влада ќе биде таков. Исто се однесува и за понатамошен секој вид капитал. Сакам тоа опозицијата многу јасно да го расчисти, затоа што тоа е дефиниција во светската либерална економија. Странскиот инвеститор е странски инвеститор, само можеме да зборуваме за пазарните вредности и за профитните вредности. Ако Вие му дадете политички белег, како што се дава на ова мислам дека ниту ќе имаме странски инвеститори, нити ќе имаме некој напредок во сето ова. Тоа е првиот момент кој сметам дека треба да го расчистиме по дефиниција. Странската инвестиција која ќе биде инвестирана во Македонија е македонска инвестиција и камо среќа таа да работи со полн капацитет, со нови вработувања. Тоа е шансата, тоа е идејата и тоа е нашата политика. Она што јас ќе Ве потсетам дека во рамките на таа стратегија ние изградивме и слободна индустриска зона во близината на Скопје, каде што данокот на профит е 0%. Значи екстра можности, уште поголеми можности од ова што го имаме денеска. Тоа е политика на оваа Влада. Се да направиме да привлечеме странски капитал, да дојде тој странски капитал. Затоа што експериментот го правевме, Македонија 8 години беше нај затворената држава за странски капитал. Сите меѓународни цифри тоа го покажуваа. Сите фирми беа на македонски директори,

што направивме, резултатите да не ги повторуваме. Уништени фирми, едвај 3% од фирмите да работат. Се беше наше, немавме никаков странец 8 години, на крајот последниве два месеца дојдоа две три фирми.

Конечно, прашањето на безбедноста, сигурноста, кое повторно се креваат до некои граници. Едноставно, не знам што да кажам. Навистина се работи за два пристапа.

Се работи за пристап на работите од почетокот на новиот милениум и пристап на работите од времето на Информбирото од 1949 до 1966 година. Тоа се два пристапа. Јас не знам што и да кажувам тука, што и да објаснувам оној кој не може тоа да го сфати, очигледно не може тоа да го сфати. Безбедноста на Република Македонија ќе била загрозена и енергетскиот потенцијал и биланси и вкупната енергетска политика ќе била загрозена.

Дами и господа, да поставам јас едно прашање на сите оние кои се сомневаат во безбедносниот аспект на овој Проект. Во изминатите 50 години, со исклучок на две години ембарго на Грција према Република Македонија целата нафта и сурова и деривати од каде влегуваа во Република Македонија? Од Грција. Тие ги имаат сите биланси за македонските енергетски потреби. Ако Ве интересира јас сум сигурен дека барем нивните служби исто работеа како Југословенските на времето, сигурно сека секоја цистерна, дури и секој канистар што е пренесен на нафта од Грција во Република Македонија е забележен. Сите податоци ги имаат и колку нафта ни треба и колку бензин и колку деривати и сето тоа. Тоа е првиот момент.

Две години ние имавме пауза во таа политика. Ембаргото на Грција, кога се снабдувавме со нафта преку Варна и Бургас во Бугарија. Што е одговорот на ова прашање? Ако утре на Грција и текне повторно да воспостави Ембарго, повторно како што се снабдувавме во времето на Ембаргото од две години ќе се снабдуваме од други држави. Што е филозофијата не ми е јасно. Ако ние ја затвориме Скопска рафинерија, како што имаше желба пред година ипол и ако не ја направивме приватизацијата најверојатно ќе мораме да ја направиме, од каде ќе ја купуваме целата нафта за Република Македонија и сите деривати, би сакал да го поставам прашањето јас? Која е најблиската Рафинерија за Република Македонија? Која е најевтината рафинерија? Солунската рафинерија. Тоа е логиката. Некој не убедува дека од Хрватска можеме, еве и од Хрватска некој процент да иде, меѓутоа фактите зборуваат дека Солунската рафинерија е најевтина ако ја затвориме Скопската рафинерија. Нема друга филозофија. Од каде ги увезуваат досега кога имале потреба и "Окта" и "Мак Петрол" своите потреби за нафта и нафтени деривати. Од Грција, нема друга држава. 95% од своите потреби.

Конечно, кога зборуваме за безбедност и сигурност, зошто велам дека тука има два параметри. Еден од почетокот на новиот милениум и еден од 1949 година, од времето на Информбирото. Само со свест од 1949 година може некој да гради теза дека Грчките компании вложуваат 180 милиони долари, за да во одреден момент кога сакаат да ни направат некоја блокада решат нас веќе не не интересира 180 милиони долари, се откажуваме и сакаме сега да го уништиме енергетскиот потенцијал на Република Македонија. Ве молам, кој каде денеска во светот почнува со таа логика. Ќе ги вложи некој 180 милиони долари за да утре кога ќе му текне рече сега блокирам таму и не не интересира што е со мојот профит.

Дами и господа, ние можеме да гледаме на ваков начин, меѓутоа можеме да гледаме и на инаков начин на кој гледаме ние. Оној кој ќе вложи 180 милиони долари во Македонија, јасно е дека не прави нас одреден заложник према тој што вложува, меѓутоа повеќе од јасно е дека него го прави наш заложник. Тоа е повеќе од јасно. Тоа е дефиниција на односите на инвестирање и на сите тие процеси. Кога во Кореја пред неколку месеци настана огромна инфлација и кога сите европски и американски компании требаше да изгубат над 50 милијарди долари инвестирани во јужнокорејската економија, кој и одобри на Кореја 50 милијарди долари кредит? Истите тие кои имаа вложено во таа индустрија. Мексико пред 4 -5 години, кога пропадна мексиканската индустрија кој и ги одобри кредитите и првата помош на Мексико? Америка, затоа што нивни беше капиталот таму.

Таа е логиката која денеска функционира во светот. Нема друга логика. Тоа е пазарната логика, сета друга логика е идеолошка логика, па дури би можела и застарена за новите комунистички држави, кои гледав дека исто така се отвараат према странскиот капитал. Класичен пример е Кина, која да не спомнуваме понатаму што прави за тие инвестиции.

Значи во таа насока мислам дека ние ја почитуваме тезата на оние кои сакаат да размислуваат од 1949 година, меѓутоа сакаме да ја браниме нашата теза.

Дами и господа, ако Грчката Влада преку својата државна фирма "Хеленик Петролеум" се решила да внесе толкава инвестиција во Република Македонија за мене е тоа само еден сигнал, тоа е политиката на пријателство, затоплување на односите и се она што значи промена на односите меѓу овие две држави во последниве седум - осум месеци. Нема друга политика. Јас ќе кажам дека тоа можеме да го следиме и на политички план. Ќе Ве потсетам дека од најголем блокирач на нашата меѓународна интеграција, ние денеска за кратко време Грција ја добивме за најголем поддржувач во Европската интеграција. Без нејзиниот притисок и поддршка максимална ние немаше да го почнеме Договорот за асоцирање, немаше да зборуваме со таков тон со Европската Унија, немаше да направиме многу други начини и стапки во таа Евроатлантска интеграција и конечно странскиот капитал.

Пред три дена, во Република Македонија имаше 40 германски бизнисмени, нешто што прв пат се појавува. На таблата горе пишуваше Германско – Грчко - Македонско пријателство. И Европа доаѓа преку Грција во земјите на Балканот. И немојте да размислувате дека има друг начин Македонија да оди во Евроатланската интеграција, освен блискост, политика на отвореност, посебно на економски план со својот јужен сосед, кој е комплетно карактеристичен, комплетно важен член и мораме да се соочиме со целата оваа работа.

Конечно, јас морам да кажам дека опозицијата мора да се согласи со мене барем во една работа. Замислете дами и господа, овој стратешки инвеститор да беше од Бугарија. Сепак радосната вест за Вас е што стратешкиот инвеститор е од Грција и мислам дека тоа Проектот би требало да го направи за Вас барем за неколку поени по прифатлив. Мислам дека не смееме да ја потцениме политичката поддршка на овој Проект. Ќе ве потсетам дека поради овој Проект, беше добар мотив во Република Македонија да дојде серија на министри на грчката Влада, како и наши да појдат таму, Бинизелос, министерот за економија, господинот Балтас, и практично немаше министер кој доаѓаше овде и кој не го отвораше ова прашање, вклучувајќи ја и нашата последна посета во соседна Грција, каде што лично од премиерот добивме многу јасен сигнал дека тие се максимално заинтересирани овој Проект да успее, за да понатаму продолжи добро соседството и добра политика меѓу двете држави.

Меѓутоа, јас политичката димензија на овој случај не ја ставам пред економската. Мислам дека економските аргументи на овој случај се многу јасни и исто тие како Влада таму добиваат критика од нивната опозиција, меѓутоа не заради политички прашања, туку заради економски прашања, можете да добиете информации, затоа што ја обвинуваат дека направиле лош договор на економски план. Тоа најодговорно го тврдам. Од економски аспект ова не само што е најголема инвестиција во изминатите 50 години, туку пазарно - економски е докажано дека е најскапа инвестиција која се инвестира во Република Македонија.

Политичката димензија исто така не сакам да ја потценам, затоа што сум убеден дека на овој начин ние уште еднаш ја отвораме вратата и за мене овој нафтовод меѓу Скопје и Солун, меѓу Македонија и Грција не е нафтовод кој ќе служи за нови ембарга и нови блокади, туку напротив јас сум убеден во тоа, ова е нафтовод кој гарантира дека меѓу овие две држави никогаш повеќе нема да има ембарго, затоа што ембаргото ќе си го направат на сопствениот капитал. Може да се размислува и на друг начин, меѓутоа тоа се нашите аргументи. Ви благодарам многу. (Аплауз).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот премиер Љубчо Георгиевски, во врска со објаснувањата за оваа точка од дневниот ред.

Продолжуваме со општиот претрес по ова прашање.

Молам, дали некој бара збор.

За збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, врз основа на говорот на премиерот во кој беа изнесени факти и аргументи, бројки и податоци кои за прв пат се во врска со оваа расправа, кои до сега не биле познати, во врска со квалификациите кои беа дадени, од кои најголем дел беа квалификации на омаловажување на опозицијата, согласно Деловникот во име на Пратеничката група, барам пауза од 40 минути, откако ќе ни биде доделен стенограмот од изнесувањето на премиерот, за да можеме да се вклучиме

во расправата по дополнителните аргументи кои беа изнесени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имате право на тоа да го добиете, иако јас лично мислам дека главно се движеше во разработка на основните тези на Договорот.

Но, Вие мислите дека е повредена и се дадени политички квалификации на СДСМ, што е веќе ново нешто и околу тоа ќе видиме после расправата каков заклучок ќе донесеме.

Има збор госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Господине претседателе, правото на пауза е демократско право на секоја политичка партија и востановено, вообичаено право. Ние претходно, по една желба на СДСМ, целото Собрание е овде присутно, бидејќи денеска на наша голема среќа сме во голем број присутни ја ислушавме, односно дадовме пауза. Не гледав причина да еден стенограм, кој што преставува уводно експозе, меѓутоа уводно експозе на премиер, кое не претставува составен дел на законскиот акт, во овој случај на Билатералниот договор помеѓу Република Грција и Република Македонија, да се бара. Право е тоа на Пратеничката група да го побара, меѓутоа за тоа може да се даде пауза исклучиво од 10 до 15 минути, не и повеќе.

Инаку, се друго за целата Пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ ќе се смета дека се работи за смислена опструкција од страна на опозицијата и за не носење на еден многу значаен акт на Република Македонија, Билатералниот договор помеѓу Република Грција и Република Македонија.

Ова го зборувам од причина што ова не е прв пат Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ законските проекти и се она што се разгледува го поврзува со едно уводно експозе. Уводното експозе се слуша, тоа беше доволно јасно и аргументирано кажано од страна на премиерот, меѓутоа доколку расправата во Собранието се сведе на една од бившите расправи на Централниот комитет, кога секој искажан збор беше збор кој што е правно мерен, односно кој што преставуваше пресвртница за понатамошните политички процеси во целата држава, тогаш за жал поминати се тие времиња и барам Собранието да работи процедурално и деловнички онака како што треба.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на госпоѓата пратеник Марковска Ѓулистана.

За збор се јави господинот пратеник Андов Стојан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, Ве молам од процедурални причини да не се создаде и на оваа седница некоја нетрпелива, не толерантна атмосфера и да се омаловажи и излагањето на претседателот и проблемот кој е овде и интервенцијата на претседателот на Републиката и т.н.

Ви предлагам и ви советувам да го усвоите барањето на господинот Поповски. Нема ни една причина, нека работиме малку подоцна вечер, ама дајте да работиме регуларно. Првиот пат по оваа точка работевме со право на пет минути расправа да учествува, сега сакате не потребно, ама апсолутно ништо не е потребно за предметот за кој расправаме пак нови ограничувања.

Дајте ја оваа пауза се ќе биде во ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, тогаш половина час пауза да се погледа стенограмот.

(Пауза од 15,15 часот). (По паузата).

(Седницата продолжи со работа во 16.55 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, да Ве информирам дека во салата има повеќе од 61 пратеник.

Според тоа имаме услови за продолжување со работа по првата точка, односно по општиот претрес во врска со првата точка од дневниот ред.

Молам, дали некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Бидејќи во последните денови имаше доста дилеми во дел од пратеничките групи на пример кај пратениците од Демократска Алтернатива, исто така и кај пратениците од ДПА, во потрага по факти за да може соодветно да се гласа, јас се потрудив да подготвам факти кои би биле во интерес на расветлувањето на вистината за овој договор. Ќе се потрудам да го изнесам.

Република Македонија во својата историја од 1944 година до денес, не видела

ваков штетен договор по интересите на државата и по интересите на народот (општо негодување во салата од страна на пратениците).

Ве молам сослушајте ме, па после тоа заклучете дали е така или не е. Вакви договори можат да се сретнат во Латиноамериканските земји или во Африка, каде што владее корупцијата.

Вчера забележав дека една од комисиите го гледаше договорот со ЛП Балканика, не знам зошто беше прескокната Комисијата за развој и економска политика. Дали овој договор нема развојна компонента?

Второ, морам да забележам дека сите анекси на договорот не се дадени, особено оние кои значат обврски на Република Македонија. Значи повторно пратениците на овој дом го немаат договорот во целина. Сакам да наведам дека преводот на договорот е "шминкан" не од незнаење, туку од намера што е многу опасно. Валиден договор е само англиската верзија и тоа е точно специфицирано во договорот. Преводот е само да се замачкаат очите на пратениците. Мислам дека е ова исклучително голем преседан. Доколку има потреба јас ќе изнесам на кои членови се однесува.

Од содржината на договорот се гледа дека стручниот преговарачки тим на Владата, најблаго речено бил не стручен. Рафинеријата односно Македонија располага со признати стручни лица од оваа област, но тие не беа ангажирани во преговорите. Зошто, знае само Владата. За тоа поставив пратеничко прашање, но до денес не добив одговор. Познато ни е драги колеги дека луѓето го прават бизнисот, но исто така луѓето го расипуваат бизнисот. Ако го изгласате овој договор тие што ќе гласаат и преговарачите историјата, ќе ги стави било кога на оптуженичка клупа. Верувам дека министерот Стојменов никогаш не би потпишал ваков договор за својата приватна фирма, а зошто тоа го прави со државниот капитал веројатно ќе ни даде некој одговор.

Следното на кое сакам да се осврнам, на значењето на нафтениот бизнис во светот и кај нас. Најбогатите фирми во светот се од областа на нафтениот бизнис. Најсигурен е нафтениот бизнис, бидејќи се продава на бензиска пумпа и се земаат готови пари. Значи, не постојат ризици во тој бизнис. Но, тој бизнис не Рафинеријата туку тој бизнис кој годишно изнесува околу 200 милиони долари во Македонија, го продадовме за 32 милиони долари. Меѓутоа, договорено е да се платат 22 милиони долари и од тие 22 милиони долари грчкиот партнер на финансискиот пазар купува долгови од Република Македонија со дисконт од 60% и практично овој објект го купува за 8,8 милиони долари пак не во кеш, туку средства кои ќе бидат во вид на обврзници во Републиката. Сега Вие ценете дали е таа цената на тој бизнис или е некоја друга цена.

Второ, што сакам да кажам, е прашањето на приватизацијата. Ние со овој договор не вршиме приватизација на Рафинеријата. "Хеленик Петролеум" е државна компанија. Спрема тоа повторно овој објект влегува под ингеренции на една или друга држава. За тоа г. Чибер од Светската банка има упатено писмо до Владата, укажува на тој проблем, меѓутоа Владата не нашла засходно да го почитува тој став.

Второ, жал ми е што премиерот не е тука, меѓутоа јас на неколку прашања односно тези кои ги пласираше овде, сакам да одговорам со намера, јас знам дека премиерот неговата едукација, неговото досегашно работење не му дозволуваат поголеми познавања од оваа област, меѓутоа неговите советници лошо го советувале, затоа јас имам неколку одговори.

Инвестициите во енергетиката, премиерот спомна дека во повоена Македонија од 1945 година наваму во енергетиката се вложени околу 250 милиони ДМ. Многу е некоректно од страна на советниците што му го давале тој податок. Да кажам во последните три години се гради "Козјак", во кој се вложени 140 милиони долари, а знаете колку значат тие, повеќе од 250 милиони марки.

Второ, кога се градеше Рафинеријата тоа е во 1977 - 1978 година и натаму вложени се 120 милиони долари тогашни. Ако ја земете годишната инфлација не кај нас, туку во светот просечно 2-3%, ќе дојдете до правата цена. Меѓутоа, денеска да се изгради една Рафинерија не кошта помалку од 400 милиони долари. Ако вашата поставка за продажбата на бизнисот од 200 милиони долари годишно, е дека Рафинеријата вредела 30 или 40 милиони, како што рече премиерот се изградила за 72 милиони долари, базичната поставка Ви е грешна. Да не ги набројувам, а ќе се осудам да ги набројам. За Гасификацијата платено е 60 милиони долари, за РЕК - овите во времето

на градбата во 1968-1970 година 400 милиони долари во тој период е платено. За Осломеј е платено 65 милиони долари. Да не ги набројувам сигурно денеска во енергетскиот дел не е помала вредноста од 3 милијарди долари, како може премиерот да зборува дека е 250 милиони ДМ. (Реакција од страна на пратениците). Ве молам бидете трпеливи.

Премиерот изнесе дека во светот без ризик може 25% годишно да се печали. Ве молам ние ТАТ го критикуваме за камати од 20-30%, во Америка, во Западна Европа каматата е максимум до 3% годишно, а на берза нема без ризик. Според тоа, може да се спечали, а може многу да се изгуби. Не е добро да се манипулира со бројки и ставови кои не се прифатливи и не се реални во светот.

Второ, во тој дел сакам да наведам во продажбата на Рафинеријата како објект или да го кажам тоа во секоја земја 100 илјади долари да се продаде државен капитал оди на лицитација. Ние продаваме стратешки објекти без лицитација. Ние имавме двајца заинтересирани партнери од Грција го имавме "Мамидакис" и го имавме "Хеленик – Петролеум". Зошто не се преговараше со едните и другите или на пример "Мамидакис", неговата понуда е 35 милиони долари за Рафинеријата, плаќање кеш веднаш. Зошто е прифатена 32 милиони со плаќање на 36 месеци. "Мамидакис" нуди за 5 милиони тони изградба на нафтовод да чини 70 милиони долари, а прифатено е 90 милиони долари за 2,5 милиони тони. Ве молам, тоа се писмени документи доставени до Владата.

Со "Хеленик – Петролеум" договорена е цена за превоз на нафтата со нафтоводот 25 долари по тон, "Мамидакис" нуди 15 долари, после 5 години да биде 10 долари.

Колку ја чини Република Македонија овој бизнис? Република Македонија ги преземе обврските на Рафинеријата од околу 85 милиони ДМ. Треба да се плати од Буџетот ние што даваме средства во Буџетот. За намалената акциза како последица на методологијата која е усвоена, а не уставна категорија претпоставка е, јас не можев точно да дојдам до податоци, меѓутоа една претпоставка за до крајот на годината дека би настанала дупка во Буџетот преку 50 милиони ДМ.

Инаку, кога сме кај овој дел експропријацијата на земјиштето за нафтовод немаме претстава колку ќе чини, па би сакал Владата да изнесе денеска колку ќе биде ангажиран Буџетот за експропријација на земјата. Јас нема да ја изпуштам железницата. Железницата денеска инкасира годишно 16 милиони долари од превоз на 1 милион тони нафта. Со изградбата на Нафтоводот тие 16 милиони долари железницата ќе ги нема. Железницата тие 16 милиони долари ги користи за плати на работниците. Разбирам да се вложи во реализација на еден проект нафтовод, меѓутоа во тој случај цената на превозот со нафтоводот треба да биде помала од 10 долари, во која е вклучен и профит за да може со разликата да се компензира делот на железницата. По тој основ за 20 години Република Македонија би изгубила некаде околу 320 милиони долари и тоа треба да биде оптоварен или Буџетот или треба да им кажете на работниците во железницата да си одат дома или на социјалните фондови.

За не продадениот мазут во последните 5 години во Републиката, потрошувачката на мазут не е поголема од 300 илјади тони. Обврската на Владата е да се продадат во Македонија 200 илјади тони. Слушнавме од премиерот дека намерата е тој мазут да се продава во Неготино. Знаете ли која ќе биде цената на електричната енергија? 15 центи. Денеска е 3,5 центи или 3,3. Ве молам, кој ќе ја плаќа таа цена? Граѓаните на Македонија и тоа господинот Стојменов треба да знае дека, ќе биде оптоварен Буџетот за тој дел.

Разликата на цената за превоз со нафтоводот на "Хеленик –Петролеум" и тоа што беше понудата од "Мамидакис" од 9 долари на 20 години е 20 милиони тони. 20 милиони тони по 9 долари се 180 милиони. Тоа би била загубата за Република Македонија, од еден таков договор за таа област. На "Хеленик – Петролеум" му е дадена можност за монополска заштита од 20% во однос на сите други увозници. Ве молам пресметајте на 200 милиони само 10% да искористи, што значи тоа? Тоа значи 20 милиони годишно по 20 години, тоа се 400 милиони долари.

Јас во овој дел сакам да се осврнам на влијанието на Буџетот со акцизите по новата методологија. Не знам дали сите сме информирани, меѓутоа за овој период од 30 јуни до денеска рафинериските цени 5-6 пати се зголемени. На 30 јуни 1999 година рафинериските цени се зголемени 26-36% за бензините, 25% за дизелот, 26,5 за мазутот.

На 16 јули 14% за бензини, за дизелот 9%, за мазутот 4,6%. На 26 јули за

бензинот 4,5%, за дизелите 2,4%, за мазутот 9%. На 9 август 1% за сите деривати. На 23 август бензини 4%, дизел 2%. На 25 август 1 денар за сите деривати зголемена малопродажна цена без промени во акцизата.

Во овој период од 28 август до денеска, имаме значајно зголемување на цената на нафтата на светскиот пазар и веројатно сега ќе дојде или до значајно намалување на акцизите, а зголемување на рафинериските цени или промена на малопродажните цени на овие деривати.

Тезата е дека Рафинеријата во изминатиот период многу лошо работела. Точно е дека покажуваше загуби, точно е дека има обврски. Меѓутоа, точно е и тоа дека во изминатиот период Владата водела социјална политика што поевтини да бидат дериватите и мазутот да биде поевтин, заради иницирање на развој на стопанството. Тоа е точно. Меѓутоа, не е коректно да се зборува дека на 9 долари барел за нафтата се правеле загуби. Би било добро советниците на премиерот да му кажат дека две години малопродажната цена на нафтените деривати не беше променета. Во тој период малопродажната цена беше одобрена на база на барел 17 долари. Во меѓувреме цената на нафтата стигна до 27 долари и на крај падна на 15,9 кое траеше не 8 месеци

како што рече премиерот, туку два месеци. На долг период тоа се пегла, меѓутоа, бидејќи Владата сакаше да покаже доблест спрема народот веднаш со доаѓањето ја симна цената во почетокот на јануари и се направија овие загуби во Рафинеријата.

Денеска на сметката на Рафинеријата стојат повеќе од 5 милиони ДМ на жиро сметката. Со промената на методологијата Македонскиот народ практично ја санира состојбата во Рафинеријата. Грчкиот партнер до овој момент ниту има вложено еден денар ниту има направено нова организација во работењето, ниту некои инвестициони зафати се направени. Значи, дека Рафинеријата многу е зависна од политиката на цени на една држава, а не зависна од тоа колку таа работи. Нејзините трошоци се минимални за да може да влијае на нејзината економија.

Следното прашање е околу стратегијата во енергетиката. Јас мислам дека оваа Влада нема стратегија во енергетиката, а тоа ќе го образложам со следното:

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:** (Продолжение)

Прво, се прават проекти за изградба на нафтоводот меѓу Бугарија, Македонија и Албанија, така наречен АМБО. Од друга страна сега велиме ќе градиме нов нафтовод од Солун до Скопје. Не ја гледам стратегијата на Владата во оваа област, би сакал да ми ја објаснат претставниците на Владата.

Второ, имаме гасовод. Со гасоводот предвидено е големите потрошувачи на мазут да се префрлат на гас. Прашање на време е кога тоа ќе стане. А, Владата презема обврска за 500.000 тони мазут, ќе создаде услови да се продадат во Републиката. Ако не се продадат, тој Анекс не е даден тука, Анекс на Договорот во кој што стои дека за секој непродаден тон мазут ќе се плаќа 27 УСД обештетување на "ОКТА". По кој основ е тоа? Како може тоа?

Следното прашање е во поглед на прашањето на нафтоводот Солун -Скопје. Во договорот е утврдена вредноста од 90.000.000 долари. Како е утврдена вредноста ако нема лицитација? Јас спомнав дека "Мамидакис" понудил за 5.000.000 тони 70.000.000 долари. Овде, за 2,5 милиони тони 90.000.000 долари. Мислам дека, ако сакаме транспарентност, ако сакаме доверба на сите, тогаш треба да се работи транспарентно. Некои претпоставки би биле дека цената за 2,5 милиони тони би требало да биде некаде околу 40 милиони долари. Тоа јас не го кажувам, тоа го кажуваат стручни луѓе.

Кога сме кај нафтоводот, РМ презема обврска на своја сметка да изврши експропријација на земјиштето. Знаете дека во инвестицијата за нафтоводот една од поголемите ставки е трошокот за експропријација. Може ли некој да каже колку ќе го чини Буџетот на РМ експропријацијата?

Во овој дел е уште поважно зошто Владата на Грција не е потписник на договорот? Со тоа ќе потврди дека навистина ќе издаде потребни дозволи за градба на нафтовод и дека ќе се изврши експропријација на нејзината територија. Потписник на договорот е "ЕЛПЕТ БАЛКА-НИКА" "ОФШОР" - Компанија на Кипар. Република Македонија со оваа компанија има потпишано и се срами за своето име да го каже дека го заклучува овој договор Република Македонија со фирмата ЕЛПЕТ, а се пишува дека овој договор го потпишува, не знам некоја земја.

Обврските се таксативно наведени за РМ. За грчката страна само дека ќе вложи напори и сл. Мене тоа ми зборува дека нафтоводот никогаш, за жал, нема да се изгради. Ако се изгради нафтоводот, цената за превоз со нафтоводот е договорена 25$, за првите пет години. Денешната цена за превоз на нафта со железницата е 22,8$. Која е

логиката да се вложуваат 90 милиони долари, а да се има полоши финансиски ефекти.

Сакам да се осврнам на прашањето на градежните работи. Во Договорот за градежните работи е ставено дека сите компании ќе конкурираат под еднакви услови. Премиерот рече дека нашите компании ќе работат. Зарем во Договорот не можеше да се обезбеди, како што грчкиот партнер обезбедил 20% заштита, да се обезбеди некоја заштита и предност за нашите фирми? Или пак за нашите 60 илјади градежни работници или колку се сега, јас не знам не е битно? Ми изгледа како да нашата Влада повеќе е Влада на други претпријатија, а не на нашите.

Следно прашање е во делот на поволностите што се даваат на грчката страна. Тоа е ексклузивитетот за увоз на милион и петсто тони нафтени деривати за 20 години на "ОКТА", односно на заедничкото претпријатие со гркот. Дали е познато на Владата дека потрошувачката на Македонија на сите деривати во последниве пет години не е помината од 800.000 тони? Дали Владата сака да му помогне "ЕЛПЕТ БАЛКАНИКА" со плаќање на 1% царина при увозот национализирање на дериватите во Македонија и "ЕЛПЕТ БАЛКАНИКА" да ја користи спогодбата помеѓу Македонија и Југославија за слободна трговија за да грчкиот партнер во Југославија извезува со 1% царина, а не да плаќа полн износ на царина?

Следно е, дали Владата со овој Договор се заштитува дека "ЕЛПЕТ" не може да ја затвори Рафинеријата и македонскиот пазар и јужниот дел на Југославија со нафтени деривати да го снабдува од Грција? По моја оценка Владата со овој Договор не е обезбедена и може да дојде до затворање на Рафинеријата.

Прво, "ХЕЛЕНИК ПЕТРОЛЕУМ" има две рафинерии во Атина и Солун со капацитет од околу 10.000.000 тони и капацитетот не им е целосно искористен. Нормално, сакаат да пласираат на други пазари.

Второ, "ХЕЛЕНИК ПЕТРОЛЕУМ" има суфицит на бензин и мазут, а дефицит на дизел гориво и за тоа, за суфицитите сака да најде нов пазар. Годишната потрошувачка на бензини во Македонија изнесуваат околу 320.000 тони, а на мазутот околу 300.000 тони.

Трето, нашата Рафинерија работи со поскапа нафта, лесна нафта, а Рафинеријата на "ХЕЛЕНИК ПЕТРОЛЕУМ" работи со тешка нафта и имаат голем исцрп на бели деривати и многу по економично работат и се многу по конкурентни во однос на нашата рафинерија.

Четврто, што е многу симптоматично дека "ХЕНЕЛИК ПЕТРОЛЕУМ" нема намера да инвестира ниту во рафинерија, а сигурно не и во нафтоводот е во јуни донесените стандарди за квалитетот на нафтените деривати, нивната примена, оваа Влада ги има донесено тие стандарди, нивната примена се одлага за пет години. Значи, за пет години нема намера да инвестира.

Во тој дел ќе ви кажам еден пример "ФЕСТ" од Блинц - Австрија ја купи железарата во Унгарија, со добри намери, како и сега што ни се кажуваат, дека истата ќе работи, меѓу после една година железарата во Унгарија се затвори, за да избегне конкуренција и да обезбеди пласман за своите производи. Цената што би ја платил "ХЕЛЕНИК ПЕТРОЛЕУМ" од 8,8 милиони УСД "ОКТА", за неа е премала и за само неколку месеци тие средства ќе ги надокнади и ќе продаде свои деривати во Македонија и Југославија. Да ви кажам еден податок, за три месеци со пласманот на деривати на Косово. Рафинеријата има заработено екстра профит од 45 милиони германски марки. Дали овој период беше добар за продажба на рафинеријата или не, самите процените?

На крајот сакам да апелирам гласањето да биде врз основа на совеста, а не по партиските инструкции, бидејќи цената е навистина преголема за партиски инструкции. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Филиповски Илија.

За збор се јави г-динот пратеник Андов Стојан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, тоа што ми е намерата сега е да ви обрнам внимание сите да се сконцентрираме на овој проблем, бидејќи се наоѓаме пред една многу одговорна задача.

Проблемот е во следното, проблемот е во тоа што беше предложена ратификација на еден закон и тогаш расправате беше ограничена на пет минути на едно јавување на пратеникот, кој можеше да се јави еднаш. Не беше даден материјалот овде и се побуди големо сомневање во јавноста што тоа се крие во тој материјал? Потоа, тој закон, Указот за тој закон да се објави не беше потпишан од претседателот на Републиката.

Според тоа, ако сакаме да ги демистифицираме работите, ако сакаме да ги отвориме работите и тоа веројатно најмногу и одговара на Владата да нема сомневање во јавноста, тогаш сега треба да се обрне внимание на сите аспекти и на сите отворени

прашања.

И, ве молам нека никој не се залажува дека со тоа што ние овде партиски ќе се изнапаѓаме, нешто ќе можеме да прикриеме или нешто ќе можеме да го преиначиме отколку што е, какво што е.

Затоа, бидејќи нам ни претстои приватизација на Телеком, евентуално и на други големи претпријатија и во други сфери, можеби во другата сфера на енергетиката, во електроенергијата, во тие капацитети, бидејќи преземаме обврска да одиме по пат на приватизација и создавање пазарно стопанство, ние намерите на Владата и намерите на оваа држава мора да ги направиме до крај јавни и чисти за да не ни се влечат по секој случај посебни афери. Тогаш, ако така се влечат и ако така оставиме да бидат работите и така да си одат, верувајте ќе нарасне едно невозможно не расположение, оправдано, кај граѓаните против воопшто ориентацијата за приватизацијата во земјата. Затоа што тука некој некои други бизниси си тера назад, надвор од она што народот го знае. (Реакции во салата).

Ве молам, затоа треба да видиме и добро да обрнеме внимание. Со внимание го слушав премиерот. Еден дел овде ги кажа работите и г-динот Филиповски. Сакам да ви кажам, секој милион долари изгубени, се милион долари изгубени на сите, освен некој сам ако ги зел парите. Инаку, губат сите граѓани, без оглед колку е некој член на некоја партија и мисли дека од тоа добива. (Реакции во салата).

Јас и не очекувам посериозен однос сега, бидејќи очигледно има некоја нервоза во соочувањето со фактите. Е, па, тогаш ве молам, дозволете да кажеме, да ги отвориме работите, а вие ќе добиете збор, претседателот е широкоград, ќе ви даде збор, па ќе објасните дека тоа не е тоа така, не е точно и т.н. Тогаш со задоволство, бидејќи ќе ми се разјаснат работите од тоа што ќе кажете, ќе ми олесни на совеста и ќе мислам навистина ми недостасувале тие информации, инаку се било во ред.

Сега го молам претседателот на Собранието да овозможи атмосфера да работиме овде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, не дофрлувајте, навистина треба да се сослушаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво, морам да ви кажам дека сум убеден дека за "ОКТА" треба да се најде стратешки инвеститор и треба се продаде. И воопшто не ми пречи што "ОКТА" ќе се продаде. Исто така, тоа треба што поскоро и што по успешно.

Исто така сметам дека апсолутно ако "ОКТА" се продаде на некој грчки партнер. И тоа не ми пречи.

Тоа што ми пречи, ми пречи тајноста на аранжманот и штетноста на обврските што се таму внесени и методот што е применет. Верувам тоа нема да се повтори понатаму по сите случаи каде ќе треба да се приватизира претпријатијата, каде државата се јавува како носител на процесот на приватизацијата.

Сакам убаво да ви обрнам внимание на следното, г-динот премиер вели дека "ОКТА" е продадена за 32 милиони долари. Меѓутоа, јас всушност колку што го читам Договорот 22 милиони ќе се платат, 10 милиони ќе бидат уплатени како учество на Републиката во нафтоводот. Значи, 22 милиони ќе се платат. За нафтоводот, дали ќе се гради, кога ќе бодат уплатени, тоа е друга работа и за тоа посебно ќе зборувам. Значи 22, а не 32, на Македонија ќе и се плати 22 милиони, а другите ќе се платат во нафтоводот.

Од овие 22 милиони долари за пет милиони долари ќе се добие гаранција, шестомесечна и во шест месеци треба да се платат, ако не таа е наплатива. Колку јас што го гледав документот за остатокот нема предвидено како ќе се гарантира. Тие работи објаснете ги. Докажете дека е решено тоа или не сте ни дале се. Немам никаква забелешка, можеби незнам се, па затоа така ми се чини. Меѓутоа, наплатата е сигурна само на пет милиони долари. На другите не е. Верувам министерот за финансии ќе поведе сметка да ни објасни што ќе стори, како ќе се обезбеди. Можеби мисли дека треба да имаме едноставно доверба, па и без гаранција утре да ја истера работата, некој ќе му ги даде. Јас колку што знам во овие работи така не се работи. Тоа е инвестиција, тоа е од оние 182 милиони долари од најголемата инвестиција во Македонија, 32 милиони така стојат. Значи, остануваат 160 милиони долари. Тие 160 милиони долари се 40 милиони долари во Рафинеријата. Г-динот Филиповски кажа дека тие 40 милиони долари се предвидени за инвестиции, што нема да ја променат структурата и квалитетот на дериватите.

Заради тоа и се конзервира Одлуката на Владата за воведување нови стандарди, што бараат нова технологија во Рафинеријата, туку ќе си остане структурата на производство, како што е и сега. Тоа значи дека за некои застарени фази од производството ќе бидат заменети со нови, нова опрема, но структурата на производството останува иста.

Според тоа, главниот недостаток сега на “ОКТА“ е лошата структура на производството и како што велат технолозите нискиот исрп, односно добивањето на малку вредни деривати, а на ниска фаза на производство. Нема тука ни вакум построенија, нема крекинг построенија, што тешките деривати ќе ги претворат во лесни и скапи деривати и кои на пазарот после ќе донесат големи пари. Според тоа останува се како што е, само некои дотраени делови од опремата ќе бидат заменети. Тоа се, заедно со овие 32 милиони и 40 милиони, тоа се 72 милиони од 182 милиони долари.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Со ова, се разбира, нема да има никаков развој во квалитетот, никакво зголемување во капацитетот на производството, останува како и сега 2,500 милиони тони и никакви нови вработувања.

Трет важен аранжман се 95-те милиони инвестиции во нафтоводот. Бидејќи, 10 милиони се од оние 32 милиони, остануваат 80 милиони. Тие 80 милиони долари инвестиции во Нафтовод ќе обезбедат 2,500 милиони тони нафта, но во аранжманот колку што јас видов грчкиот партнер предвидува дека ќе преработува милиони до милион и петстотини илјади тони и тоа ќе го транспортира.

Овој нафтовод ќе го замени транспортот по железниците. За тоа зборуваше г-динот Филиповски и еве како тука стојат работите 26 долари е манипулациите на построенијата во пристаништето Солун, осигурувањето и железничкиот транспорт. 21 долар и 35 центи е железничкиот транспорт од тие 26 долари вкупно. Од тоа се 25 долари на нашата железница и 6,35 се на грчката железница. Е, сега, 26 долара е и цената на транспортот во нафтоводот. Меѓутоа, ако е 40%, колку доаѓа, повеќе доаѓа 15 долара од 26 долара 40% се односно 60% нашата фирма зема од транспортот, а 40% грчката фирма зема од транспортот, од транспортот преку нафтоводот 80%, од оние 26 преку нафтоводот, 80% ќе припаѓа на грчкиот партнер, 20% ќе припаѓа на нашите, кои ќе имаат учество од максимум 20% во нафтоводот. Затоа што, 80% во нафтоводот е на грчкиот партнер. Видете, на некому јас верувам дека му е сеедно. Мене, морам да ви кажам, не ми е сеедно. За мене е многу значајно дали некоја пара ќе остане овде или ќе оди по донаторски конференции да се молиме, а ова што е наше ќе му го поклониме на некого. Може и таква политика, ама јас сум против таква политика. И, 20 милиони долари уште не речени се за бензиски пумпи. Сега да ви кажам и за "ЕЛПТ "БАЛКАНИК", таму е некоја фирма нето тие имаат 37%, се распрашав малку и “Хелен Петролеум“ има 63%. Според тоа, таа фирма е претежно сопственост на грчка државна фирма. Сите овие камуфлажи дека е тоа приватна фирма, дека ние сега приватизираме, се приватизира Рафинеријата, не се точни. Само што сега мајоритетот од македонската држава во Рафинеријата го има грчката држава. Тоа е факт. Според тоа, тоа е инвестициите. Во инвестициите нема вложувања во развој, нема вложувања во подобрување на квалитетот, нема вложувања во зголемувања на капацитетот и нема вложувања во вработувањето. Да не се занесуваме. Има вложувања кои ја променуваат структурата на сопственоста и друг станува сопственост, односно сопственик.

Што се однесува до производството овде дека ќе се дуплира како што беше речено во излагањето, од она што го читав во документот, не стои така. Всушност, нема цврста обврска по се што стои таму ќе се преработува околу 1 до милион ипол, ама нема цврста обврска да биде преку милион тони годишно. Но, ние 800 до 900 илјади тони и досега преработувавме во Рафинеријата. Каде ќе се зголемува производството, јас тоа не знам. Ако се зголеми производството и предвиденото зголемување на производството носи нова стапка. Носи обврска на Македонската држава, бидејќи видете, структурата на потрошувачката овде во Македонија е доста слична со структурата на потрошувачката на Грција. Тие имаат вишоци на бели деривати, освен дизел или на мазут. Тоа на бензини и мазут, тоа е вишок и ние не знаеме исто со вака ниско производство, со вака ниско користење на капацитетите и тука нема некоја помош едни на други да дадеме. Оттаму, зголеменото количество на мазут грчкиот партнер создава обврска да се грижи Македонската страна, пред се Македонската држава. Бидејќи се потрошува околу 300 илјади тони мазут кај нас, ако не дојде до зголемување на потрошувачката, а овде во концепцијата се гледа дека ќе бидат на располагање 400 илјади тони, 100 илјади тони мазут треба да се плати и за нив 27 долари пенали, казни, казнени поени, без оглед што тој мазут и натаму е во сопственост на истата фирма, која го произвела. Државата тоа треба да го плати тоа.

Прикаските што овде се кажаа дека ние сега тоа ќе го потрошиме во Термоцентралата Неготино, ние од 3 до 4 центи од прилика има резон да произведуваме струја, а преку тоа веќе нема резон. Сега со цената на мазутот ќе ни даде струја по кв. час околу 15 центи тоа, дека

грчкиот партнер толку колку ќе биде сопственик ќе купи акции од ТЕЦ Неготино, па толку и ќе земе, тоа е после.

Прво, нема ни почнато преговори дека тој ќе земе од ТЕЦ Неготино акции, нема никаде таква обврска во овој договор и може воопшто да не земе. Не верувам ни да земе, затоа што на грчкото Електростопанство тоа воопшто не се јавува како партнер овде. Такви договори се потпишаа и во Битола за јаглен и т.н. Тоа ние на кило потпишуваме договори без да размислиме што правиме.

Концепцијата дека мазутот ќе се троши за производство на струја, е апсолутно нереална. Сега и таа е надвор од една разумна концепција на развој на енергетиката кај нас. Сега, да ви кажам втората варијанта што ја кажа премиерот, е дека ние сега ќе ги оживиме оранжериите. Сакам само да, тука има советници, сакам да ги потсетам и советниците и него и сите вас, да не мислите вие оти само мазут недостасуваше за да работат оранжериите. Колку сакате ќе набавиме мазут, а може и да се набави и сега количини на мазут за да работат оранжериите. Таму треба многу инвестиции и многу разработен пазар, за да може да прифати и прашање е дали ќе може да прифати, затоа што морам да ви кажам дека 800 хектари односно 843 хектари оранжерии имаше оваа земја во 1982 година. А, дали 120 хектари работат. И, воопшто да не се лажеме. Тие работи нема врска таа работа.

Сега, што сакам да кажам, овде беше зборувано за идеите и предлозите на г-дин Мамидакис. Јас нив ги ценам, меѓутоа, мислам дека и тие се дојдени во една стиска на време, кога тој видел дека друг аранжман се прави и наеднаш нуди нешто, зашто и ние немаме гаранции. Кој нему му гарантира дека ќе ни прави нафтовод и дека ќе би депот аа цена и т.н. Мислам дека не треба ние, сите каде што ги употребуваат суперсонични авиони, ние да одиме пешки. Треба да се усвои методологијата што светот ја проверил и да се ослободиме од меѓусебните сомневања.

Мислам дека треба да се суспендира овој договор, а да се подготви нужна тендерска документација, во која понудата од македонска страна ќе биде следната.

Македонската страна обезбедува таква и таква методологија за цените. И, целото решавање на цените што му е понудено на "Халеник Петролеум" сега да биде систем кој се нуди на еден меѓународен тендер. Тоа се пазарните услови кои на жпазарот во Македонија државата ги обезбедува.

Второ, ја ослободува Рафинеријата од дотогашните долгови. Тоа е вториот услов.

Трет услов, распишува која технологија им е потребна, бидејќи ги објавува условите каков е пазарот во Македонија. Која технологија е потребна и кои инвестиции ги очекува, во кој правец инвестициите ги очекува. И, дури тогаш на таков тендер нека се јави било кој за да ги предвиди сите финансиски гаранции, сите сигурности што мора да ги има. Дури тогаш по едно непристрасно јавно отворање на понудите, може како втора фаза да се изберат тројца најдобри понудувачи и тие понудувачи меѓу нив и со нив и со секого да се водат дополнителни преговори само со нив. Но, ние ако однапред викаме дека треба да одиме на тајни преговори, видете сакам да ве потсетам, овде во Македонија секој ден се објавува некој господин потпишал писмо за намери за такви и такви работи. Па за вакви работи и за такви работи. Писмото за намери кое е потпишано за овој договор не е објавено. Никогаш ништо не се објави, ни оти е потпишано, ни кој го потпишал, ни што содржи. Оттогаш почна целата работа.

Затоа, мислам да се напуштат овие тајни работи. Рафинеријата ни е голем проблем и треба да го решиме, а да го решиме и проблемот на луѓето таму да можат да имаат сигурна егзистенција, да го решиме проблемот на структурата на производството и стандардот на производите овде, да го решиме проблемот на загубите. Но, тоа се прави така како што светот го прави.

Минатата година ги истакнувавме сите тие проблеми. Ве молам кај Рафинеријата се доцни. Затоа што, ние ќе бидеме изложени во преговорите со Европската Унија, во преговорите за влегување во Светската трговска организација, ќе бидеме изложени да прифатиме систем на либерализација на прометот домашен и надворешен со дериватите. Ние не можеме да избегаме од таа работа. Не можеме да ги направиме тие аранжмани. Ако се држиме надвор од системот на светската трговска организација, ако ги одлагаме нашите приспособувања кон ЕУ, па што сме запнале ќе правиме ваква или таква спогодба, значи ќе работиме против себе, на два развоја. Така не може да се работи.

Значи, сакам да ви кажам кога оценуваме дека овој договор е штетен тој не треба да се усвои, прво, тоа го правиме заради тоа што договорот навистина и нанесува материјална и финансиска штета на Македонија.

Второ, навистина заради тоа што воведува еден систем кој побудува огромно сомневање и систем на тајни распродажби на имотот на Македонија, ако вака одиме и по другите прашања, по другите случаи, ќе побуди големо противење на граѓаните против општиот курс на приватизација и општиот курс на влегување на странски капитал.

Ве молам, заради тие две работи јас, навистина, на сите вас, без оглед од која листа сте избирани за нашиот кредибилитет на сите пратеници во наредните задачи кои ќе ги имаме во целата оваа област, ние како пратеници треба да застанеме на патот и да не овозможиме овие работи да се случуваат. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Стојан Андов.

Овде имаме уште еден пријавен дискутант, тоа е г-динот пратеник Илоски Илија.

**ИЛОСКИ ИЛИЈА:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници, јас го имам тој хендикеп, дека после овие две исцрпни дискусии по одредени сегменти од договорот за продажба на Рафинеријата "ОКТА" на грчкиот партнер, во дел можеби ќе се повторам, меѓутоа тоа е силата на аргументот и да ми простите за тоа, меѓутоа, мислам дека имаме доста други аргументи да изнесам против усвојување на денешната ратификација на овој Договор во нашиот Парламент.

Лично сметам дека целокупната Македонска јавност во изминативе неколку месеци од кога почнаа тајните преговори за продажба на Рафинеријата "ОКТА", беше преокупирана со овој проблем, бидејќи и самата Влада на многу не транспарентен начин ја водеше таа постапка, околу приватизацијата или продажбата на "ОКТА", како сакате наречете ја. Дури до добивањето на договорите во пратеничкиот состав од пред само неколку денови, оваа работа во македонската јавност, убеден сум, се издигна на степен на мистификација и на разно-разни озборувања, дека овој зел, овој така направил, оној така направил и никој во Македонија, поготово не оние што преговараа немаше доблест политичка, човечка, како сакате кажете, да излезе пред македонската јавност и да соопшти конкретно за што се работи.

Благодарејќи на чинот и уставното право што го има претседателот на државата да не го потпише овој договор, со повторното внесување во процедура на истиот овој Парламент, добивме можност и ние како пратеници да ги добиеме договорите, да ги прочитаме, да ги проучиме и денеска квалификувано да расправаме по нив.

На почеток, значи пред неколку месеци да се објави оваа вест, дека оваа е најголемата странска инвестиција во Македонија и дека ни малку ни повеќе истата таа тежи околу 180 милиони долари, кога прочитав другиот ден во јавните медиуми за ова, навистина, бев израдуван си реков, ете се отвора еден простор на перспектива за Република Македонија, дефинитивно и покрај објективните околности и потешкотии за навлегување на странскиот капитал на овие простори. Арно ама, само по неколку дена почнаа шпекулациите во јавноста и можевме дел во опозициониот печат, дел од некои плуралски озборувања да слушнеме во што се состојат тие 180 милиони долари. А, како што пред малку спомнав, пред неколку дена бевме и во можност да ги добиеме тие договори, да ги видиме тие цифри и дефинитивно со денешното експозе на Премиерот да видиме конкретно за што се работи. И таа моја радост да ви кажам, навистина со самиот ден на добивање на договорот и со самиот ден на читање на тие факти, спласна.

Мислам дека во принцип се работи за еден многу штетен договор за РМ. А, да не биде само вака кажувано амблок, се обидов да укажам хронолошки по кои членови мислам дека Договорот е штетен и да смогнеме сили денеска, доколку тоа е навистина можно, преговарачката екипа, бидејќи ако не се ратификува Договорот во Парламентот може да стане неважечки со истиот дури партнер, немам ништо против, да го продолжи процесот на преговори и измени барем по одредени делови во оние членови, кои мислам дека се многу штетни во Државата.

За оние пратеници кои го читале договорот и ако го имаат пред себе можат хронолошки да ме следат, јас не би сакал да ја воопштувам дискусијата и хронолошки како се наредени членовите член по член, ќе се осврнам на оние на кои мислам дека РМ ќе претрпи одредени штети.

**ИЛО ИЛОВСКИ:** (Продолжение)

Оние пратеници кои што не го прочитале договорот ве молам да не следат, затоа што министерот за финансии пред малку беше тука а сега не е, а тој како еден од потпишувачите на овој договор, може на лице место да ме демантира, доколку не сум во право и после таа исцрпна дебата овде во Парламентот, да

усогласиме некои ставови доколку е можно да пристапиме кон измена на одредени членови, кои лично мислам дека не се од корист за државата.

Во членовите 3 и 4 се таксативно наброени износот и структурата на плаќањето по овој договор. Вкупната вредност, како што беше и од експозето на премиерот и од претходните двајца дискутанти, изнесува 182.000.000 долари, од кои по структура нафтоводот ќе чини апроксимативно 90.000.000 долари, модернизацијата на рафинеријата 40.000.000, вложувањето во малопродажната мрежа или бензинските пумпи низ државата 20.000.000 долари и откупување на управувачкиот пакет во висина од 54% во висина од 32.000.000 долари, со една напомена во подолниот дел на членот, каде што се укажува од овие 32.000.000 долари, 20 милиона долари по одредена финансиска динамика се плаќаат во кеш, а остатокот од 10 милиона долари е препишување на акции, од страна на новиот сопственик на рафинеријата, значи на препишување на акции за Македонската држава во нафтоводот.

Јас тука не навлегувам во висината на цената. Нека кажат тие што преговарале очи во очи, дали е висока или ниска и навистина е неблагодарно, овде сега да се расправаме и да отвораме дебата дали цената е погодена. Има светски стандарди и методи како цената се погодува, она што е, пазарна и тиранинот пазар, што врвните економисти го нарекуваат пазарна економија, секогаш пресудуваат без никаква пристрасност. Тоа за жал, не е направено, иако имавте законско право како Влада и како преговарачи да го направите, со избор на стратешкиот партнер, меѓутоа, мислам се немаше морално право да го направите тоа и да ја доведете самата процедура, околу ратификација на оваа спогодба до степен, како што пред малку спомнав, на мистификација.

Значи, еве цената да ја земам, таа што е и доколку одевте на транспарентна понуда и јавна тендерска документација да се отвореше на пазарот, повторно можеби ќе се постигнеше цена од 22 + 10 милиона, т.е. 32 милиона долари. Зборувам за самата рафинерија. Меѓутоа, збунува самата динамика на уплата на тие средства од 22 милиона долари, каде што точно стои во членот 4 дека 5 милиони долари, ќе се платат после 6 месеци, 5 милиони после 12 месеци, 12 после 3 години, а 10 милиони сукцесивно ќе се уплаќаат како основачки капитал на државата Македонија во нафтоводот.

Од оваа структура и динамика на плаќање, ви се молам, обрнете внимание само првите 5 милиони долари се обезбедени со првокласна банкарска гаранција, која треба да се депонира кај продавачот во оној момент, кога се потпишува договорот. Верувам дека таа гаранција веќе е доставена кај ресорниот министер за финансии или во одредени други служби на Владата и не е ништо спорно на истекот на 6-от месец овие 5 милиони долари да се платат, бидејќи откажувањата на претходниците, во овој период на променета коњуктура на пазарот, рафинеријата во сопственост на грчката фирма има инкасирано 45 милиона долари од продажбата на деривати на Косово.

Збунува реализацијата на останатиот финансиски план, на пример вторите 5 милиони долари дека ќе се платат на 12 месеци. Зарем не се сетија нашите преговарачи, барајќи гаранција за првиот дел, кој е многу по краток и по свеж во сеќавањата и би се реализирал без никакви спорни моменти, после 12 месеци немаме апсолутно никаква гаранција, дека овој износ од 5 милиони долари ќе се наплаќа.

На крајот ќе се навратам на некои општи моменти во договорот, каде што во принцип обврските на Република Македонија, како продавач на рафинеријата, се многу прецизни, концизни и јасни со рокови, со износи и т.н., додека обврските на купувачот, т.е. на "Хелиник-петролеум" се многу воопштени и се на "жими мајка". Значи после 12 месеци ние можеме да имаме искрена надеж дека овие ќе се платат.

Исто така, и за третата рата од 12 милиони долари нема никакво банкарско покритие, во вид на банкарска гаранција. Не сакам да навлегувам во стручноста на преговарачот, поготово на министерот за финансии, во делот на меѓународните плаќања, меѓутоа, мислам дека и се надевам дека му е како "Алфа и омега" јасно дека во меѓународните плаќања, "Алфа и омега" се меѓународните банкарски гаранции, од првокласни банки, поготово кај меѓународните договори од ваков ранг, документарните акредитиви или бариранните чекови исто издадени од првокласни банки. Дури е препорачливо, ако во Грција има некоја од ценетите првокласни банки, таа банка да била од трето подрачје. Инаку јас, воопшто не се оптоварувам со прашањето од

идеолошка природа, дали ќе ја купела нашата рафинерија грчка, бугарска или не знам каква фирма.

Исто така, за четвртиот сегмент наплаќање по оваа динамика, т.е. онаму каде што се зборува дека овие 10 милиона долари останати од износот 32 милиона кеќ плаќање, дека ќе се уплаќа на конто на државата со оснивачки влог во нафтоводот, апсолутно нема дадено никакви гаранции. Онаму, каде што грчкиот партнер треба да направи некои противуслуги, за дадените услуги од наша страна, секаде една воопштена клаузула, дека ќе прави максимални напори. На договор од 180.000.000 долари господо, не се верува на максимални напори. Или треба пратениците од опозицијата да заплачеме, да се измачи типот да плати после 6 месеци, по 12 месеци или после 36 месеци одредени пари овде.

Во членот 6, каде што се говори за преземање на обврските на компанијата, треба јасно и гласно на Македонскиот народ, чии капитал е оваа рафинерија што ја продаваме, да му се даде до знаење, да му е каже, дека целокупната актива му припаѓа на продавачот, т.е. побарувањата што ги има и залихите, му припаѓаат на денот на преземање на рафинеријата, меѓутоа целокупните обврски што ги има рафинеријата, исто така ги превзема државата, а мислам дека кога е правена книговодствена состојба и пресек за отпочнување на преговорите, што се купува и што се продава, тие обврски веројатно и ден денес се такви, биле некаде 85 милиони германски марки. Сето тоа државата треба да го превземе, а активата мислам дека не тежи повеќе од 10 до 11 милиони марки. Значи тој гап што се јавува некаде 70-сетина милиони германски марки, повторно оди на товар на буџетот и треба да се изнајдат средства и механизми, како тоа во иднина да се покрива, што значи на грчкиот партнер му се сервира една фирма исчистена од сите дубиози, што досега тука не ги елаборирам и не навлегувам од икс причини.

Од уплатите на овие средства, од преземањето на објект од грчкиот партнер, драстично се влегува во коализија со постоечката законска регулатива, а позитивна законска регулатива што владее во Македонија во моментот, каде што се испоместени приоритетите на плаќање, така нам гркот ни наметнува мимо Законот за финансиско работење, дека од посебната сметка, каде што ќе се уплаќаат овие пари и од продажбата на активата, треба најпрво да се подмируваат доверителите, нормално за да се стекне деловна способност на натамошното работење на рафинеријата, потоа, да се измират краткорочните кредити, кај финансиските институции другите финансиери, па после да се измират дури акцизите, даноците и придонесите кон државата, заостанати што се и на крајот долгорочните обврски.

Ве молам, во Законот за финансиско работење децидно стои дека приоритет при овие плаќања и при нормална и при стечајна постапка имаат обврските кон државата, одредени во вид на акцизи, даноци и т.н. Значи ова се коси со постоечката регулатива и со усвојувањето, доколку го усвоиме овој договор денеска, единствено требаше да одиме на измена на некои членови од Законот за финансиско работење.

Во членот 8, децидно е кажано дека за сите бизниси, во наредниот период, додека трае ексклузивитетот даден по овој договор, е краток период, дека оваа компанија, не знам како ќе се нарекува од утре, на овој македонски простор, ќе увезува со преференцијални режими од 1%, значи само еден посто за римската евиденција ќе ја плаќа, додека сите други, кои ќе се обидат, или се занимаваат со ваков бизнис ќе плаќаат 20% царина на целокупниот увоз во овој сегмент на работење. Ви се молам, од времето на меркантелизмот, до ваму не познавам јас економски правец, кој воведува вакви драстични протекционистички мерки. Овде веќе не се работи за монопол. Овде се работи за форма на највулгарен протекционизам на некое најмало дете во државата да му дадеме сериозни услови и создаден амбиент за стопанисување, рафинеријата ќе биде успешна фирма. Друго е што претходната Влада, или претходните влади, преку тие ценовни политики воделе некоја си социјална политика, дали било исправно или не било исправно, не навлегувам во тоа. Меѓутоа, под ваков стопански амбиент и под вакви услови, јас не знам кој не би бил успешен.

И на крајот на краиштата се поставува битно прашање, зошто не сте транспарентни и не ја понудивте отворено и на македонскиот пазар. Можеби на некое индивидуално лице, а да не зборуваме за "Мак Петрол", кој е еден гигант на овие простори, во овој бизнис, можеби ќе се јавеше да ја купи и по бонитетни услови. Иако сме тука околу воведувањето на овие протекционистички мерки, има една одредба во истиот тој член, мислам дека

беше 8, каде што вели, доколку ова се коси, а знаеме сите дека се коси, со одредбите на некои светски стандарди и институции, пред се, тука се мисли на Светската трговска организација на препораките на Светската царинска организација, на крајот на краиштата на принципите на работење на економијата во Европската Унија, каде што на сите грла зборуваме дека сакаме да пристапиме таму, вели државата, т.е. продавачот, Македонија ќе се потруди, ако не низ механизмот на царинската политика, низ некои други фискалитети да ја обезбеди онаа дискрапанца од еден до 20%, во полза на постоечкиот грчки партнер.

Затоа мислам, врз основа на овие укажувања, мислам дека е депласирано да ја лажеме веќе македонската јавност, дека оваа Влада е пазарно информирана, дека има намери да отпочне пред преговори за асоцирање во Европската Унија, затоа што навистина, таму никој нема да не смета за сериозен партнер, ако во старт ние ги правиме овие работи, како што ги правиме. Никој нема, исто така право, бидејќи сме суверена држава да ни каже, слушајте ова Ви е глупост и не го правете. Правете го како сакате, меѓутоа после кога ќе седнете да преговарате, на маса, првиот услов ќе биде, слушајте ова не важи, ако сакате да почнеме натамошен чекор на преговори. Во членот 13, каде што се стимулираат некои основни одредби на соработка, врз основа на добра волја, се доведува по мене лично, а проверете добро и Вие, во прашање е целокупниот износ на инвестицијата од додатните 150 милиони долари. Зошто? Затоа што, сега цитирам, за да нема некои недоразбирања. Децидно стои продавачот, појаснувам, т.е. Република Македонија, во својство на државна власт, ќе преземе соодветни обврски, заради обезбедување на финансиски средства, а стратешкиот инвеститор, тоа е грчката фирма што ја купува Рафинеријата, ќе вложи максимални напори, обрнете внимание овде, да обезбеди од странската држава, а странската држава се мисли на Грција, превземање на слични гаранции, за добивање на такви финансиски средства.

Значи повторно, тие ќе вложат максимални напори да се заложат кај нивните официјални власти, министри и т.н. да ги молат донаторите, во светските финансиски кругови или официјалните финансиски институции да дадат кредит. А ние се обврзуваме на тоа да го направиме, бидејќи сме први на потег. Кој нам ќе ни даде 150 милиони долари, се прашувам, да ја почнеме инфраструктурата, што е врзана со продажба на Рафинеријата, и оди во овој договор како нејзин составен дел. Затоа, господо пратеници, се сомневам комплетно, освен овие финансиски средства, кои исто не се покриени со гаранција и дали ќе ги добиеме, се сомневам исто, дали воопшто ќе почне инвестиционен циклус, околу изградбата на Нафтоводот, модернизација на Рафинеријата, како и изградба на малопродажна мрежа на бензиски пумпи низ Македонија.

Исто така, во истиот член во ставот 2, само Ве потсетувам, за она што пред малку зборувам, дека точно така е потпишан Договорот, доколку сакаме во оној останат дел, секој да биде од нас акционер, или било кој стопански субјект, од домашен или странски пазар, секој си дава гаранција, за откуп на акциите и негово учество во структурата на Нафтоводот. Од секој што сака да си дава гаранции, само гаранцијата за нашата држава, која треба да ја даде, ако сака да учествува во изградбата на Нафтоводот и да биде партнер со 10, 12, 15, или 20%, како што се спомна во Договорот, само таа гаранција е децидно кажано како ќе изгледа, дури е форма во амандманот е на таа гаранција, која доста цврста и обврзувачка за Република Македонија.

За разлика од тоа, за грчкиот партнер не важат никакви гаранции и мислам дека и тука се доведува во прашање неговата добра волја, или желба да биде партнер со нас во овој бизнис.

Во контекст на ова што го зборувам, поткрепа голема даваат членовите 22 и 25. Погледнете го само членот 22. Таксативно, децидно, јасно се наброени, од а до ш се наброени кои се обврските на Република Македонија за изградбата на нафтоводот. По прецизно не можеле ниту нашите да го прават, а мислам дека Грците го имаат направено, а нашите го имаат само потпишано да ги направат вака таксативно, она што треба да направи Република Македонија, за да дојде до изградба на нафтоводот. Изанализирајте ги половина од а до ш по точки што се под точката 22, ќе видите дека тоа е сизифовска работа за Република Македонија.

Виза ви овој член, стои членот 25, после два члена, каде што вели, обврските на стратешкиот инвеститор, т.е. на грчката фирма, а тука има буквално само една реченица, вели дека странскиот инвеститор, во рок од три години ќе изгради нафтовод од Солун до Скопје. Повторно се со максимални напори и на

жими мајка. Јас господине министер, сакам лично да Ви се обратам, јас да учествував во вакви преговори, со вакви понижувачки елементи, кои ги потпишавте и парафиравте, навистина ќе се срамев. Јас мислам дека и најстрадната мајка, која има најстрамно чедо, кога го мажи, има одредено достоинство и ќе каже и јас сум барабар сват во свадбата. Инаку, да ме понижуваат мене, јас да му исполнам 50 обврски како држава, а тој е некоја си приватна фирма, покриена со државен капитал од грчката страна, тој само да ми каже ти овие 50 обврски исполни ги, а јас ќе ги изградам нафтовод, навистина е понизно и не знам каде е нашиот рејтинг во тие меѓународни светски преговарања и мислам дека доколку смогнете сили пробајте во неколку од овие членови да интервенирате, инаку навистина ова би биле катастрофални последици за Македонија.

Во јавноста имаше разни оговарања, дека се се прави под маса, затоа што таа не е цената, затоа што нема да се платат, втората, третата, петтата рата, за она што зборував, недај боже и не сакам да верувам во тоа. Каква е таква е, работата е завршена и мислам дека со силата на парламентарното мнозинство, ако овие аргументи, јас што ги истакнав, претходните дискутанти, се надевам дека и некој друг ќе стане да зборува по овој контекст, ако не најдеме сили да го поништиме овој договор, да снајдеме сили, барем да го одложиме на одредено време и да дадеме простор и можност, да вклучите екипа на стручни луѓе, кои на некој начин ако мислите идеолошки се причините, или контра една фирма од Република Грција, обидете се уште еднаш, ако можете во интерес на сопствениот Македонски народ и на сите граѓани во оваа држава да направите нешто повеќе од ова што е.

Во спротивно, ако тоа не го направиме, јас чисто се сомневам дека ова така наивно е направено, без знаење како што велат па добро, не биле стручњаци за банкарски гаранции не побарале банкарска гаранција. И секој разумен човек во оваа држава, навистина се сомнева дека така наивно е направено и мислам дека дефинитивно отпочнале процес, каде што веќе до крај, не само што се сомнева Македонскиот народ, туку тоа го тврди секојдневно по улиците, дека навистина на овие простори важи една максима, на еден од поранешните американски претседатели Рузвелт, кој вели отприлика вака во политиката ништо не се случува случајно. Така што ако се случи случајно тоа било така планирано да се случи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Илијаз Сабриу.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници, мислам дека добро е што денеска го добивме договорот за ратификација помеѓу Република Македонија и Грција, а во врска со продажбата на рафинеријата "ОКТА" на грчки стратешки инвеститор, бидејќи мора да признаеме дека по првата седница кога расправавме по ова и кога се донесе одлука од Собранието да се ратификува; тој договор го немавме материјалот и немавме можност да се произнесеме во врска со тоа што содржи тој договор, а верувајте само со добра намера и ние како пратеници, бидејќи треба да гласаме, да се вклучиме во донесувањето на една таква одлука да добиеме конкретни и изворни информации, за тоа што треба да донесеме и што е потпишано од страна на Владата на Република Македонија. Така што и овие дискусии денеска јас ги разбирам во тој дух, никако како политички маркетинг на политички партии, бидејќи мислам дека интересот на сите нас тука е, како подобро да се стопанисува во оваа држава, како подобро сите да живееме и како побрзо да се вклучиме во европските процеси на стопанисување и во европските асоцијации.

Од тие причини мислам дека и во јавноста се создаде една голема дилема за што и премиерот разговараше, една од причините зошто тој зема збор да ја образложи оваа одлука, бидејќи во јавноста навистина се создаде една нејасна ситуација што содржи тој договор, па од разно разни ампутирања дали нешто тајно се крие од јавноста, штом се крие од пратениците и веројатно тогаш недовербата се зголемува и мислам дека добро е што денеска ова вака ни дојде, односно добро е што и претседателот не го потпиша тој указ и затоа и дојде денеска на седница и ние да бидеме запознаени.

На почетокот да кажам дека за поздравување е идејата за продажба на рафинеријата "ОКТА", бидејќи мислам дека наша определба е дека треба да се решат проблемите со тие 12 загубари, за кои тука доста се зборуваше и за што јас немам намера воопшто да зборувам, бидејќи тие се општо познати проблеми на ниво на нашата држава. И тука веднаш да кажам, бидејќи доста беше кажано ќе морам некои работи да ги избегнам за да не се повторувам. За мене се две прашања: продажбата на рафинеријата и

изградба на нафтоводот. Цените се тие кои беа спомнати тука.

Претходниот дискутант кажа дека во член 4 е стратешкиот инвеститор, точно се кажува каква е динамиката на добивањето на парите што ја продаваме. Мислам, дека тука за нас економистите јасно е дека стратешкиот инвеститор оваа зделка ќе ја плати од наши пари. Тука нема бегање. За 6 месеци ќе заработува, ќе ни даде 5 милиони, после 12 месеци ќе ни даде уште 5 милиони, после 36 месеци ќе ни даде уште 10 милиони и на крај 12 милиони ќе ги вложи во рафинеријата. Мислам дека тие пари така треба да се разберат, бидејќи така е договорено. Мислам дека добро ќе беше доколку можеше да се добие, сега ние само дискутираме и не знам дали нешто можеме да измениме, бидејќи тоа е во завршна фаза и не можеме ние тоа да го измениме, но мораме да ги кажеме тие работи за да јавноста биде информирана и да ги надмине оние работи што беа присутни за некоја си зделка, која е сомнителна и т.н.

Мислам дека Владата требаше да смогне сили, а Македонија има стручни лица кои предвреме, за време на разговорите ќе требаше да биде информирана јавноста за сите тие фази и за цената и за начинот на плаќање и за сите права што ние ги даваме како држава на овој стратешки инвеститор. Со тоа мислам дека ќе придонесевме и ние и јавноста и сите други во постигнување на подобра цена. Инаку, тука да се разбереме "Хелeник-петролеиум" не ни доаѓа тука што многу не сака, или од љубов, тој доаѓа за профит и нашата цел е да ја продаваме што поскапо, тој да ја купи што поевтино и тука е нашата вештина кој повеќе да заработи во оваа зделка.

Мислам дека така треба да ги разбереме економските работи, без да им дадеме некоја политичка заднина. Инаку ако имаме некоја си политичка желба од страна на Грција да влезе тука да ни помогне и тоа е добро, но колку што се сеќавам премиерот тоа го кажа Македонија во системот на бивша Југославија неколку пати, односно јас се сеќавам немаше средба кога се состануваа тогашните југословенски влади и грчки владини и невладини и државни делегации, да не се покрене прашањето на изградба на нафтоводот. Тогаш грчката Влада не даваше никогаш одобрение за изградба на еден таков нафтовод.

Така што денеска еве има некои измени, доколку е добиена таа дозвола за изградба тоа треба да се поздрави. Јас тоа го поздравувам, но треба да се види дали е тоа точно добиено, бидејќи проблемите со експропријацијата во нивна територија, а од таму ќе почне да се гради нафтоводот е многу сложено и тешко прашање. Рафинеријата беше тука кажано, јас би се обидел да дадам еден одговор дека работела со загуби откога постои. Точно е тоа и ние сите знаеме дека исто така да ја спомнам таа бивша Југославија, ние се гордеевме дека во Македонија изградивме рафинерија. Таа беше политичка инвестиција како многу други политички инвестиции. Но, ние сакавме како држава, еве денеска со денот на осамостојувањето кога станавме сами држава таа рафинерија и те како ни е потребна. Така што веројатно таа произведувала загуби, но не е никако погрешка инвестиција, туку таа е стратешка, национална инвестиција по мене што е изградена во Република Македонија и така треба да ја разгледуваме. Друго е прашањето што беше тука елаборирано, ми се чини од претходните дискутанти дека преку цената на нафтата и нафтените деривати, државата Македонија водеше социјална политика и ден денеска води од 29 јуни кога се прифати новата методологија на сметање на цената на нафтата и нафтените деривати.

Порано сите, ние сакајќи да ја смириме инфлацијата да нема социјални потреси, да имаме зголемување на плати, одевме на намалување на цената на нафтата и нафтените деривати за сметка на загубата која се појавуваше во билансите на рафинеријата. И така треба да ја прифатиме и така е таа загуба, инаку поинаку никако не може, по мене не е прифатливо, економски не може. Ако работеше рафинеријата и порано вака на принципите на економски критериуми како што денеска методологијата Владата ја усвои и Собранието на 15-дневно пеглање на цените апсолутно тврдам, а веќе беше укажано дека сега рафинеријата работи позитивно. И пред тоа се работеше позитивно, тие се луѓето.

Мислам дека условите кои државата ги водела, заради други причини од поголем интерес, придонеле за едно такво работење, а впрочем и да не должам многу сите континентални рафинерии во светот земете анализирајте ги работат на граница на рентабилност, или државата ги покрива загубите, бидејќи сака да води некоја си друга политика, бидејќи таа е оптеретена со транспортните трошоци, во нашиот конкретен случај со Железница на Македонија. Целата нафта се довезуваше со цистерни. Сега ќе се довезе со нафтовод, веројатно треба да биде поевтин, но по она што се предлага не е поевтин, по мене е поскап. Нафтоводот е поскап, за тоа можеби нешто подоцна ќе кажам. Така што мислам дека оваа методологија што ја прифати Владата и Собранието, мислам дека е за поздравување

и тврдам дека во иднина нема да има рафинеријата загуби. Затоа и Грците како инвеститори сега трчаат и доаѓаат да ја купуваат, сега не само тој, туку веројатно има и други заинтересирани за купување на оваа рафинерија, бидејќи таа ќе остварува и те како добар профит, имајќи ги во предвид и ако сакаме да бегаме од тоа ситуацијата во регионот, бидејќи 300, 400 километри веќе околу нас нема рафинерија. Албанија има една таква каква рафинерија, другите немаат, Косово нема во Србија се срушени и Македонија е единствената станица рафинерија од каде ќе се вози и ќе се продава нафта и нафтени деривати во овој регион, со вакви цени кои се денеска присутни во оваа област.

Мислам дека давањето на ексклузивитет за увоз на нафта и нафтени деривати, по мене лично мислам дека е тоа грешка да дадеш на еден стратешки инвеститор едни такви ексклузивни права за 5 години, на некои за 20 години мислам дека монополското однесување на една таква приватна фирма ќе ја има својата цена и ние како население, како народ како граѓанин, како стопанство ќе ја платиме, но за тоа ќе имаме прилика да разговараме малку подоцна кога ќе дојдат тие резултати од едно такво работење.

По мене како заклучок по ова прашање е дека обезбедувањето повторно да повторам на 15-дневна корекција на цените обезбедува и те како позитивно работење на рафинеријата "ОКТА" и на сите други рафинерии доколку имаме вакви услови дадени не само на приватен капитал на овој стратешки инвеститор, туку на било кој ќе произведува доста добар и висок профит во наредниот период, а тој профит ќе ни го врати после по неколку милиони денари на државата Македонија.

Јас исто така се плашам искрено да кажам да не се случи рафинеријата "ОКТА" во Македонија да им послужи на рафинериите во Солун две на оваа фирма, едната е во Солун, другата во Атина на овој газда како резервоар за пласирање на неговите производи, бидејќи капацитетот на оваа рафинерија беше изнесено дека е околу милион тони годишно. Веќе се разговара за милион и двеста и повеќе и т.н., и во царините што беше тука укажано се ослободуваат и преработена нафта и нафтени деривати за пласирање во други региони, а тие други региони се Косово и Србија па и надвор од тоа, така што со овие цени мислам дека многу брзо, или да не претерам некои математики што ги направив за 5, 6, 7 месеци овие 40 милиони денари, а некој кажа и повеќе веќе се извадени од овие газди од продажбата на нафта на Косово, бидејќи денес имаме и те како висока цена на нафтата за широка потрошувачка и на бензините.

Второ прашање, е прашањето на нафтоводот. Тука можеме сите да го поздравиме тоа дека инвестиција 90 милиони и т.н. и беше кажано дека таа идеја за нафтовод е стара колку што е стара рафинеријата, бидејќи тие беа заеднички програм, ние сме имале прилика да ги читаме тие работи во книгите и во плановите пред 20, 30 години кога е изградена рафинеријата имало планови дури и физибилити - студија има доставено до Владата на Република Грција за одобрение за изградба на тој нафтовод. Така што не е нова оваа идеја и таа идеја е многу стара, но еве дојде денот денеска да се реализира. Јас лично тоа го поздравувам.

Меѓутоа, од она што стои во договорот дека за транспортните трошоци на нафтоводот му се признава на стратешкиот инвеститор 26 долари по тон на 100 километри поминати, мислам дека тоа е многу висока цена и таа цена ќе се смета во калкулативната цена на малопродажната цена на нафтата и нафтените деривати. Само за пример да ве известам, односно да кажам дека најскап превоз ако може така да се изразам на нафта со нафтовод е меѓу Чешка и Словачка, а таму на 100 километри тон се плака 3 до 3,5 долари тон на 100 километри, а кај нас е далеку повисока. А во поевтините држави како што е Русија, Белорусија, Арапските земји таму се движи од 0,7 до 2,5 долари по тон на 100 километри, а кај нас рековме која е таа цена. И доколку на оваа цена се додадат и манипулативните цени на утовар и на растовар од 4,5 долари по тон во Солун, бидејќи од танкери треба да се префрли во рафинеријата во Солун за преработка произлегува дека вкупно овие цени би изнесувале некаде 50% поскапи од светските цени во другите рафинерии, или тоа математички кажано на милион тони 13 до 14 долари по тон, ништо повеќе ниту помалку 13 милиони долари годишно. Така што можеме сега ние да ја видиме математиката, да видиме каде сме и да оцениме дали е договорот баш до крај добар или требало, бидејќи сега не знам дали можеме нешто да измениме, нешто да се измени во тој договор и мора да кажеме дека тој договор е економски неоправдан и затоа можеби има и толку интересенти за купување на оваа наша рафинерија.

И сосема на крајот, бидејќи има и други работи, но беа изнесени и не би сакал да ве замарам член 16 би кажал неколку збора, а тука се вработените. И да цитирам: стратешкиот инвеститор ќе го врши ова свое

право и дискреционо овластено, совесно и ќе се воздржува од непотребни отпуштања и т.н. Мислам дека немаме некои цврсти гаранции за неотпуштање на работниците илјада и двеста денеска колку ги имаме во рафинеријата. Ако го слушавме господинот синоќа на телевизија по мене требаше и некој од Владата или некое стручно лице да разговара со него, не само господата новинари, тој кажа дека во светот вакви рафинерии вработуваат 400 вработени.

Се плашам и молам Владата и другите надлежни органи навистина да се прецизира во тие анекси или дополнителни договори да не дојде до отпуштање на работниците или преку форма на преквалификација во Грција на нивно вработување во Грција, бидејќи се спомнуваат и работните дозволи. Така што работните дозволи се вработување и меѓународно право. Тој сигурно ќе донесе стручни кадри, но да не донесе и луѓе кои ги имаме вишок во Македонија за вработување во рафинеријата.

И сосема на крај, во членот 23 се работи за државните резерви. Не би сакал за тоа да зборувам, бидејќи сите знаеме што се државни резерви и точно е тоа дека тие ги знаат од Солун колку ние увезуваме нафта, колку доаѓа во Македонија и каде тоа го троши. Тоа само неписмен човек не може тоа да го пресмета. Но, треба да се води сметка тука многу малку е разработено тоа, да се води сметка за развојните компоненти на државните резерви, бидејќи државните резерви не ни служеле нас фала богу досега никогаш за воена состојба, за воени состојби, но ни служеле во интервентни случаи кога имало недостиг на пазарот, или за поддршка на еден сектор во стопанството, или друг сектор во стопанството.

Така што во тие рамки, мислам дека исто така треба да се имаат свој предвид елементите на оваа политика на државни резерви, а не како дека тоа полицијата и војската, синоќа кажуваше дека тоа е тајна и т.н. Знаеме ние што е тајна и што не е тајна, но овие елементи треба да се имаат во предвид. Еве, сосема накратко господине претседателе сакав да ги изнесам овие работи, бидејќи ценам дека има простор овој договор доколку беше транспарентен и отворен каде ќе имавме и конкуренција и други пријавени фирми ќе можевме и ние да вклучиме стручни лица од нашите стручни институции, да постигневме подобра цена и подобра позиција во потпишувањето на овој договор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Илијаз Сабриу.

За збор се јави господинот пратеник Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитувам претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници.

Очигледно дека овозможувањето на една правна процедура на ваков начин што ја допушта денешниот Парламент, е од корист, затоа што имаме прилика преку настапите да слушнеме позицијата со кои аргументи стои зад овој закон, договор од сите анекси, договор од сите анекси, а опозицијата со кои аргументи е против одредени содржински делови од законот и од договорите и анексите и заради што смета дека овој договор е неповолен за РМ. Веднаш да кажам дека, можеби и пошироко, но кај мене сигурно се поставува едно прашање кое од прилика е во следната насока. Ако е ова добар, или како што беше кажано исклучително добар потег на Владата, преку реализација на претходните активности во вид на потпишување на договор и изработка на закон кој го прати тој договор и тоа исклучително добра работа или исклучително добар потег, заради тоа што со тоа за секогаш се елиминира проблемот кој го создавал "Окта" во претходниот период, од аспект на нејзината економска состојба и прикажаните загуби во претходниот период. Тогаш ако тие услови се такви, прашањето е кој е интересот на грчкиот партнер, на идниот стратешки партнер кој го води да влезе во еден ваков аранжман, бидејќи општо е познато дека податоците се транспарентни и дека тие податоци кои се негативни тој имал начин, имал пристап за да дојде. Или пак дали тој и покрај тоа што е така, влегува од милост во еден крупен аранжман кој во иднина стратешки партнер би го влечел надолу во поглед на остварување на негови финансиски резултати, затоа што тоа би се свело на неговите биланси. Верувам дека многу е лесно да се дојде до еден одговор на тоа, ако се прочешла договорот во неговата содржина. Но, пред тоа сакам да истакнам дека, во Република Македонија мислам дека и меѓу партиите кои се на власт и меѓу партиите кои се во опозиција, постои еден општо концензус за водење на економска политика, која по својата содржина има пазарна ориентација. Тука мислам дека непотребно се искажаа одредени етикети кои се упатуваа на постојната опозиција,

дека од идеолошки причини не може да се поддржи водење на еден ваков процес за структурно прилагодување на македонското стопанство, во случајот "Окта" кон современите трендови на економијата, која што важи во иманентно развиени пазарни економии. Не, покажала и докажала дека низ целиот период претходен структурните реформи со посебна нагласка на водење на политика на афирмација на пазарно стопанство, била водиља во водењето на економската политика. Од тој аспект мислам дека непотребно се кажа она што не требаше да се каже.

И ние во претходниот период, а и постојната Влада, оваа Влада која што е во РМ, обврзани бевме и се да водат многу сериозни преговори со Светска банка, со ММФ, со други финансиски магнати со комерцијални банки и во рамките на тоа нормално е дека со оглед на стратешката определба на Светската банка за поддршка на структурните реформи, се воспоставува еден меѓусебен однос кој е вграден во матрица, која што ги предвидува обврските на земјата која сака да склучи аранжман со Светска банка или со ММФ.

Во таа прилика мислам, третиот мотив кој беше спомнат овде, дека мора набрзина на ваков начин, со оглед на тоа што друга алтернатива нема, бидејќи претходната Влада земала таква обврска, малку поинаку. Тоа е вградено во писмото на намери кое е испратено до ММФ и е содржано во точка 35 од писмото на намери кое содржи 50 точки. Но, во тоа писмо во таа точка 35, каде се спомнуваат 12-те загубари, таму стои дека земјата ќе прави напори преку ангажирање на консалтинг претпријатие, да направи анализа за состојбата во тие претпријатија, бидејќи тоа е врзано со ЕСО аранжманот, и тие се засилени структурни реформи и врз основа на таа анализа ќе предложи какви мерки да преземе соодветната Влада, во случајот македонската Влада, за да го забрза процесот на преструктуирање на 12-те загубари, или во краен случај да би се овозможило за понатамошниот период, сите оние кои не плаќаат обврски спрема државата, спрема нив да бидат покренати постапки, кои важат со законите кои ја регулираат таа област. Но, во таква ситуација, со оглед на обврската која децидно е вградена во писмото на намери, кажано е дека за следење на тој процес нужно треба да се ангажира надворешен советник, кои ќе го прифати Светската банка и кој ќе управува со тој процес. Тоа е обврската. Околу тоа и во овој случај, а многу често се спомнуваат и другите субјекти кои се неброени, се прави една непотребна клима, која по мое мислење беше исто така присутна кога ги водевме разговорите со Светска банка за ликвидација на 23-те загубари. Но, тогаш, за среќа со вакви анализи направивме проект кој беше во преструктуирање на тие 23 загубари и по можност останаа да работат рентабилно делови од тие претпријатија, кои покажуваа позитивни финансиски резултати.

Кога сме кај Светска банка и ако е така како што беше овде кажано, мислам дека сите бевме сведоци дека при посетата на претседателот на Светска банка Вулверсон, се постигнал договор меѓу Владата и претседателот Вулверсон во најкраток рок, околу проектот "Окта" Светска банка да испрати свои експерти, кои ќе го проучат договорот и ќе дадат свое мислење. Јас не сум информиран дали дошле такви експерти и дали го проучиле договорот и дали дале свое мислење. Но, сум сериозно загрижен ако тоа не е направено, додатно и заради писмото што до министерот за финансии е испратено од извршниот директор за Источна Европа господин Чибер, кој јасно укажува на загриженоста на Светска банка, во врска со проектот "Окта" и тоа особено на приватизацијата со грчката државна фирма.

Понатаму, влијанието на таа продажба врз царините и даночните иземања, односно царинските и даночните приходи на Буџетот, понатаму загриженост за гарантираниот пазар и заштитните цени, како и гарантираните количини на мазут, за кои државата гарантира дека ќе ги откупи од новиот газда на "Окта". Така на некој начин е протолкувано писмото што го испратил господинот Чибер на "Окта". Така на некој начин е протолкувано писмото што го испратил господинот Чибер до господинот министер за финансии Борис Стојменов.

Сега ако ова се стави само во објаснување на моето поставено прашање, може да се констатира дека неполезноста на договорот склучен меѓу македонската Влада и стратешкиот инвеститор е токму концизно и содржано во содржината на ова писмо. На што тоа друго укажува. Укажува на тоа дека на меѓународен план, ако не ги почитуваме овие меѓусебно и взаемно прифатени обврски, тогаш се оддалечуваме од институциите со кои сме ги прифатиле тие обврски. Во случајот ние со овој договор, со забелешките кои се дадени во него од Светска банка, си ја влошуваме

преговарачката позиција со ММФ и со Светска банка. Додатно на тоа, ако е тоа така, аргументите укажуваат дека е така, ние се оддалечуваме од денот кога ќе ги започнеме преговорите за прием на РМ во Светската трговска организација. Зошто? Затоа што со посебен закон, кој што е така наречен лек специјалис, ние интервенираме кај многу важечки закони, кои што ја третираат финансиската сфера и ги суспендираме одредени нивни членови, што на соодветен начин не оддалечува од претходно заземениот курс за прилагодување на македонското законодавство, кон законодавството на поразвиените земји, што е еден од предусловите како проблем да се оневозможат водењето на преговори со Светската трговска организација. Тоа значи додатно нарушен статус, во позицијата која што ја имаме спрема меѓународните фактори, а со тоа и отежнат процес на интеграции кои ние сме ги заговориле по програмите, сите како партии поединечно, а и како Парламент заедно.

Спомнав дека со содржината на одредени членови на договорот, се суспендира постојното македонско законодавство во областа на финансиите и така натаму. Но, ако се поглед член 8 точка 3, тогаш мислам дека сме се довеле во многу лоша ситуација, виза ви стратешкиот инвеститор, затоа што сме прифатиле, иако одредени активности кои се содржани во договорот, се косат со Уставот, Владата на РМ и покрај тоа ќе најде соодветни други законски механизми за да ја надомести, онаа штета што евентуално би се направила со укинување на одредени членови од постојниот договор, од страна на оној што го брани Уставот. Тоа значи дека на соодветен начин Уставот го дерогираме и во тој дел јасно стои, во завршниот дел на точка 3 во член 8, дека македонската Влада е спремна тоа да го направи.

Многу беше говорено и аргументирано, тука дека "Окта" влегувајќи во една ваква активност, со отстапување од страна на државата 54% од капиталот на "Окта" и со овие договори, идниот стратешки партнер, значи идниот газда со таква определби е ставен во монополска положба. Дали е тоа така или не е така? Мислам дека е убедливо така. Дури е до толку што ваквите погодности грчкиот партнер нема ни во својата држава. Вака овозможен монопол што ние него му го овозможуваме, тој го нема ни во својата држава. Вие сте сведоци, Грција е отворена земја и на секои 500 метри има различни компании, под различна лиценца дистрибуција на деривати. Тоа не е ништо друго туку конкуренција. Имате различни цени на секоја од бензинските пумпи. Тоа е тоа што води напред, преку квалитет да се понуди поевтина цена, а монополот е тој, овозможен овде преку државни интервенции кои се предвидени во договорот, му се овозможува априори монополска положба на грчкиот партнер. Можеме тоа и додатно тоа да го аргументираме. Имено, со еден член е регулирано дека грчкиот партнер не сметано ќе може да смета на обезбедување на девизи од државните девизни резерви, а не од банките.

Знаете вие дека курсот кај Народна банка е еден, а курсот кај банките е друг и разликата која што би требало да ја плати ако обезбедува на девизен пазар во банките, нема да ја плати. Тоа е мала можност, но за еден долг период голема шанса за остварување на профит. Има и други примери, јас би бил многу долг во моето излагање ако ја образложувам целата монополска положба, ако треба и тоа ќе го направам додатно со оглед на тоа што имаме можност повеќе пати да се јавуваме, но сега да спомнам уште неколку работи.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Многу беше говорно за тоа, дека најголема странска инвестиција е токму онаа во Република Македонија. На прв поглед 182 милиони долари кога ќе се слушне, кога ќе го слушнат нашите граѓани ќе речат да така е, но што во себе содржи тоа, како се насочени тие како идна активност е посебно прашање што овде беше доста говорено, објаснето беше дека 32 милиони не се 32 милиони готова пара. Објаснето беше дека постои опасност освен 5 милиони, бидејќи тие се покриваа со гаранција, со анекс Б од Договорот да не благовремено се наплатат другите. Објаснето беше дека имаме голема желба да се реализира нафтоводот, но во Договорот заради условите под кој тој се предвидува да се реализира, е голема дилема дали ќе се реализира, што во случајов мислам? Мислам на следното.

Стратешкиот инвеститор се обврзува да изгради нафтовод, да но продавачот се обврзува да изнајде евтини средства, по можност и грантови од европска инвестициона банка или од други извори на Европска Унија, кој што ќе ги стави на располагање така евтини за изградување на нафтоводот. Тоа е содржано во Договорот многу јасно, многу прецизно е кажано и дури како соучесник

во акционерскиот капитал дали државата или субјектите од територијата на оваа држава за сите иматели на акции, ќе мора да даде гаранција за користење на такви средства. Тоа значи додатна опасност за реализација на овој инвестиционен проект, за додатно задолжување на Република Македонија.

И на крај, може да се случи, не велам дека ќе се случи, но може да се случи, заради тоа што продавачот не си ги реализирал своите обврски да се доведе во прашање изведувањето на инвестицијата нафтовод, што не би сакал да се случи. Но, со оглед на таквата определба, тоа е една голема заштита на стратешкиот партнер, од аспект на евентуално што може да дојде во периодот после 3 години околу нафтоводот.

Јас мислам дека мораме да кажеме тука, покрај тоа што беше и претходно споменато процедурата која што се водела и со која што се дошло до цена од 22 милиона долари за Рафинеријата "Окта", е лошо водено. Јас не преферирам дека можело да се обезбеди "Окта" да се продаде и по друга цена, дали повисока или пониска тоа е друго прашање. Но, сега се гледа колку беа оправдани нашите заложби околу измената на Законот за трансформација на државниот имот во претпријатие во Република Македонија, да се води постапка на наддавање од една почетна цена, нека биде таа и нула, обично така се почнува кога се водат лицитациони постапки, за да сега можевме, ако така се водеше да кажеме тоа е тоа што се нуди, од ова ништо повеќе не можеше да се постигне и да бидеме задоволни со ова што ни се нуди. И тоа, и во поглед на висината на капиталот на Окта и во поглед на другите елементи од Договорот, кој што го привлекуваат странскиот партнер за негово влегување во "Окта". Тука можеби нашиот премиер не го видел тоа во Договорот, затоа што во неговото воведна излагање беше кажано, можеби е во експозето и запишано, дека работите околу изведувањето на нафтоводот ќе ги водат македонски градежни фирми. Работите на изведувањето на нафтоводот ќе ги водат фирми, кои што ќе ги определи идниот газда. Тоа е стратешкиот партнер и одлуките негови се дефинитивни. Во тие одлуки сегашниот продавач, држава Македонија не може ама баш ништо да направи. Одлуката е негова. Уште повеќе кога ние му овозможуваме ако се донесе овој Договор со 54% платен дел од "Окта", целокупното управување да му го довериме исклучиво на Грчкиот партнер. Со тоа на евидентен начин отстапуваме од одредбите на Законот за трговско работење, каде што за носење на одредени одлуки треба двотретинско мнозинство, но ако цел состав е од еден состав тогаш сите одлуки кои што ќе ги замисли однапред е јасно дека ќе ги донесе. Но, ако за останатиот дел и имавме за тие 46%, кој што се оставени можност сразмерно во проценти да се избираат членови на управни одбори, на тој дел од капиталот, тогаш ќе имавме многу појасна ситуација и многу подобар увид во управувањето и раководењето со "Окта", затоа што дефакто ние за 32 милиона или во готово 22 милиони даваме 54%, а даваме управување 100%. Тоа е своевиден проблем, тоа е проблем во кој што влетале и кој што има, претпоставувам дека ќе има реперкусии во идното работење ако не се одлучи денес на Парламентот поинаку, затоа што на крајот на краиштата овде беше спомнато дека ќе се дадат на тие и тие берзи, таму и таму тие акции. Јасно е акцијата се дава со вредност, а вредноста носи профит. Ако сме имале вакви проблеми со "Окта", берзите се брза работа, тие знаат каде се створа и како се створа профит, но и да се створа, а ќе се створа со вака поставена ситуација према "Окта", тогаш ако не се овозможи учество во управувањето тешко дека ќе може да се постигне добра цена на Атинската и на Лондонската берза. Затоа што, едно од правилата е да се има можност да се влијае во управувањето, а ако 100% управниот одбор е од сегашниот потенцијален стратешки инвеститор, тогаш не станува збор за управување, станува збор за управување од нивна страна со состав различен од нивните содружници, бидејќи ова не е една фирма, ова е корпорација. Затоа, тоа тешко го предвиделе.

Спомнато беше дека се шпекулации, дека "Окта" може да се продаде од страна на овој кој што сега ја купува. Не се тоа шпекулации, тоа е вградено во член 11 и веднаш може да ја продаде овој што сега ја купил и кому сака може да ја продаде. Дали во Мексико, дали во Колумбија, Украина, кому сака затоа што тоа содржината на член 11 му го дозволува. Затоа, насловот на Договорот е фирмите тие и тие или нивните наследнички, а наследнички би биле оние кои што би купиле. Затоа е створена можноста за тоа.

Или пак околу тоа дека нема да се отпуштаат работници. Не е точно, сите работници од "Окта" ќе се отпуштат, затоа

што член 16 му го дава тоа право на стратешкиот инвеститор. Затоа што стратешкиот инвеститор е газда на две вакви кои што јас ги знам рафинерии, едната во Солун другата во Атина и дека со дупло поголем капацитет има 300 вработени во Солун, а можноста за ракување со работната сила е можност која што му е овозможена со содржината на член 16. И во овој случај сме го суспендирале Законот за работни односи, во делот каде што велиме дека заради преструктуирање технолошкиот вишок може да биде до 20%, како законска одредба. Ова е посебна одредба која што важи за овој иден стратешки партнер.

Така да мислам дека пред нас имаме сериозна ситуација, која што во најмала мерка ќе има длабоко влијание во водењето на економската политика во Република Македонија во идниот период, затоа што со вакви мерки кои што се предвидени во овој закон, "Окта" можеби би работела и сигурно би работела рентабилно, во услови ако таа со овие мерки се преструктуира.

Затоа одговорот на прашањето кое што во самиот почеток го поставив, е дека овде е во прашање интерес. Овде се во прашање идните влијание, кои што може преку активноста на соодветниот грчки партнер длабоко да се чувствува во порите на економскиот живот во Република Македонија. Затоа се придружувам кон оние кои што искажуваат длабока сомнеж околу целисходноста на носењето на овој законски акт, бидејќи во најблаго кажана форма содржината на актите што се пред нас не се од корист за Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Димитар Бузлевски.

Дами и господа пратеници.

На екранот имам 15 пријавени дискутанти. Со оглед на тоа што само 4 - 5 дискутанти ми потрошија 3 часа, а денес работиме 8 часа, јас предлагам денеска да ја прекинеме седницата и да ја продолжиме наредната недела, инаку навистина не знам уште колку пратеници ќе се пријават за дискусија, но повеќе од 8 часа работиме. Ако мислиме да работиме до полноќ и после полноќ тогаш би продолжиле да работиме... (Реагирање на пратениците).

Јас мислам дека би било продуктивно и за нас и за другите, не знам зошто денеска би се инсистирало толку, да ја прекинеме денеска расправата. Наредниот прв дискутант ќе ни биде Карангелески Радомир, после доаѓа Поповски Никола, Спасов Ѓорѓи, Шеќеринска Радмила, Китановски Лазар, Прангоски Илија, Попов Стојан, Тодоровски Павле, Анушев Љупчо, Марковиќ - Димова Наталија, Јованов Никола, Гешовски Трајко, Петровски Томислав, Крале Спанчевски, Ѓулистана Марковска, Фадил Бајрами, Сејфедин Харуни, и т.н., ги имаме премногу.

Значи, стануваат 20-тина дискутанти веќе пријавени.

Процедурално прашање има госпоѓата Марковска Ѓулистана.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Ова ќе биде веќе трето презакажување на оваа точка на дневен ред.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ инсистира седницата да се заврши без оглед на тоа во кое време ќе заврши, од причина што од понеделник до петок цела една поголема парламентарна делегација, која што вклучува шест пратеника што воопшто не е мал број, ќе биде отсутна на заседание на редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа, кое што треба да биде претставувано од Република Македонија, од проста причина што се гледаат многу важни точки, а тоа е мониторинг мисијата на Република Македонија, како и на кој начин би била извршувана.

Затоа ве молам во име на Пратеничката група да продолжи дискусијата, а дискутантите да се замолат во рамките на нивните можности да ги намалат дискусиите.

Без ограничување, меѓутоа онолку колку можат.

(Реагирање на пратениците во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, вторник и среда се во Светот на Европа, тоа го знам и знам кои одат од пратениците...

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Не, не од утре се патува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во понеделник се патува, во среда се враќаат.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Делегацијата патува утре, од причина што не може да отпатува во понеделник за понеделник. Се враќа дури во сабота исто така.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, сепак денеска сме преморени. Навистина сме преморени.

Осум и пол часа седиме. Тоа е претерано...

(Реагирање на пратениците во салата и станување од нивните места).

Еве и пратениците сите стануваат, сакаат да си одат...

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Имате потпретседатели, Ве молам. Еве господинот Халими, господинот Томислав Стојановски, немојте така.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако сака господинот Томислав Стојановски да ме замени овде, нека ме замени во секој случај.

Ако сакате да дадеме пауза па да продолжиме по пауза, затоа што навистина не издржливо е ова. Осум часа работиме денеска.

(Општо реагирање на сите присутни пратеници во салата).

Ако не, да закажеме тогаш првиот понеделник оваа точка да ја апсолвираме...

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Не претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Кога ќе бидат сите тука или четврток.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Не се враќаме во четврток.

Претседателе, јас Ве молам.

Ве молам, ова Собрание има избрано два потпретседатели, кои што можат да ја водат и навистина ако сте вие заморени, можете да земете пауза... (Општо реагирање на присутните пратеници во салата).

Исто така, за да може да се води дебата...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако напуштат сите пратеници, како што почнаа да напуштаат, со кого ќе ја водиме седницата.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Немојте сега пратениците.

61 пратеник бараат да останат во салата, Вие тоа не го дозволувате.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе Ве молам, ...

Дополнително ќе биде закажана седницата.

(Општо реагирање од пратениците во салата).

(Претседателот станува од своето место)....

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Господине претседателе, ако сте вие заморен, тоа соопштете го пред пратениците...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не сум само јас заморен.

Сите се заморени овде, ќе ја напуштат седницата што да правиме.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Доколку сте Вие заморен, изјаснете се во ваше лично име. Тоа е првата работа. Не можеме да прекинуваме седница со образложение што за жал, јас Ве цитирам Вас дека сте Вие многу заморен. Ако сте Вие многу заморен ние би имале разбирање за тоа, било кој пратеник да е лично во овој Парламент, мнозинството бара седницата да продолжи, затоа што цени дека оваа точка од дневниот ред е многу битна. Тоа е прва работа.

Втора работа за која сме разговарале многу пати, претпоставувам дека и во рамките на претседателството, Вие сте разговарале многу пати со претставниците на политичките партии во Парламентот, дека треба да се респектираат битните прашања во работата на Парламентот, за да се има во предвид битните меѓународни претставувања на овој Парламент, како што е во случајот утрешното патување. Според тоа, има јасни причини, јасно барање седницата да продолжи.

Доколку Вие сте заморен имате заменици, а ако некој исто така се чувствува заморен, да ја напушти седницата, тоа е исто така прашање на личен избор или став на конкретна пратеничка група. Така што ние не можеме да ги спречуваме личните или целите пратенички напуштања на седницата, меѓутоа тоа нека го направат, а не Вие да прекинувате седница поради замор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, во тој случај ако е толку значајна оваа седница, тогаш групата што ќе треба да оди за Советот на Европа нека апстинира од одењето во Европа, а наредната недела ќе ја одржиме седницата во четврток, ќе ја продолжиме и ќе ја завршиме. (Повторно општо реагирање на пратениците во салата).

Па не може, сите сакаат во Европа да одат, а овде не можеме седница да одржиме. (Реагирање на пратениците во салата).

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Ве молам господине претседателе, треба ли да разбереме дека Вие лично ја прекинувате седницата?

(Меѓусебен дуел меѓу господинот претседател и господинот Љубен Пауновски).

Во име на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, бараме седницата да продолжи. Секој оној што лично мисли дека се чувствува уморен, дека треба седницата да трае одредено време и заради лични барања да престане седницата, ние не се согласуваме. Дури рековме во име на Пратеничката група ако сака одредена цела Пратеничка група да ја напушти седницата, тоа е нивно право, меѓутоа тогаш да видиме кој работи во Парламентот и кој ја блокира работата на Парламентот.

Исто така, барањето да се откажуваат патувања, кога може нормално оваа седница да работи, нормално да се извршат и тие патувања, кои се во име на Парламентот, претставување и на Македонскиот Парламент и на Македонската држава, мислам дека тоа е веќе малку не сериозно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако навистина е толку значајна седницата, а е значајна седницата, јас не велам дека не е значајна седницата, па едно патување во Совет на Европа и може да се пропушти.

Јас не знам зошто толку се инсистира да се оди постојано на седниците на Совет на Европа.

Ќе ве молам, во тој дух јас мислам за да имаме конструктивност, за да можеме, овде уште 15-16 души се пријавени, да сеислушаме, зошто сега денеска по секоја цена да инсистираме да се заврши седницата, кога можеме во текот на неделата да ја завршиме.

Господинот Стојан Попов, побара збор процедурално.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Почитувани колеги, прво би сакал да напоменам една работа на нешто што се вика човечко битие, природа и т.н. Секое човечко битие има издржливост до колку саати може да работи. Ако некој се чувствува заморен и дека не може повеќе да работи, мислам дека тоа треба да се почитува. Дали значи ако парламентарното мнозинство смета дека треба да се работи 100 саата, дека ние овде сите 100 саати да седиме? Не. Јас тоа нити сум го сретнал некаде нити може да се брани. Од ниеден аспект не може да се брани. Од физиолошки, од биолошки, од кој аспект сакате да го браните, не можете да го одбраните. Нема ништо страшно во тоа да се прекине седницата и да се продолжи тогаш кога ќе смета претседателот и кога ќе бидеме во состојба да продолжиме. Нема ништо страшно во тоа и не знам зошто да се драматизира до овој степен оваа работа.

Дури сметам ваква работа би требало и деловнички да биде регулирана. Не може бескрајно некој, човечката природа, се знае има издржливост, точка на издржливост. По вашата теорија значи дека може и 200 саати да работи, а вака како што го поставувате Вие кога има пријавено 15 или 16 дискутанти, тоа значи дека однапред се сака да се лимитираат дискусиите на некој начин, затоа што до сега се покажа дека ни една дискусија не беше пократка од 10 мин. Тоа значи дека треба да работиме до 1,00 или 2,00 часот ноќе.

Навистина не ја гледам ургентноста, зошто да мора да се работи до 2,00 часот ноќе. Мислам дека тоа го дели нашата пратеничка група.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Госпоѓица Шеќеринска процедурално.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам само два ситни коментари.

Прво, не мислам дека е во ред да се споменува дека некој може да издржи, а некој не може да издржи. Значи, тие што можат да издржат се оние одговорните кои би работеле и 100 саати, како што беше споменато. Меѓутоа, знаете како 100 саати да работите и да седите овде евентуално да седите во кафез и да се враќате назад и никој да не дискутира, не мислам дека е тешка работа. Јас ве разбирам дека Вие не сте уморни. Никој не дискутираше од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, ниту според најавите некој има намера да дискутира. Што значи, (реакција од страна на пратениците) еве да дозволам дека има некој кој се пријавил, меѓутоа никој до сега не дискутираше. Уште повеќе никој од Владата не одговори на многуте прашања кои беа поставени во текот на дискусиите. Беа поставени прашања, никој не одговара, очигледно е дека се сака итна седница, по итна постапка, не е образложена итноста, не е образложено зошто мораме да работиме денеска до незнам колку, за да завршиме и дополнително сега се вади аргументот дека се расправало неколку пати и неколку пати се одлага оваа

дискусија, што е апсолутно неточно.

Делумно проблемите поради кои денеска останавме волку доцна се резултат на политиката на Владата, која реши да биде многу мистериозна по ова прашање и која на првата седница се одлучи прво да не го дава договорот, па потоа парламентарното мнозинство предложи пет минути дискусија, сега имаме трет обид, а тоа е обидот да трае се додека не може едноставно повеќе пратениците да издржат. Очигледно е дека 15-те пратеника кои се пријавија сакаат да учествуваат, сакаат да дискутираат и учествуваат во нормални услови. Оние кои знаат да дискутираат само од своите места и да ги оневозможуваат дискутантите да зборуваат, тие очигледно немаат проблем да одржат концентрација 20 часа, бидејќи за тоа не е потребна концентрација.

Меѓутоа велам, објаснете зошто е потребно, зошто е итноста, зарем се работи за некоја вонредна ситуација. Ако добиевме аргументација зошто е договорот мистериозен, зошто мора денеска да се донесе, зошто патувањата во странство не можат да се откажат или не може да се дозволи некои да бидат отсутни, можеби пратениците ќе имаат разбирање.

Меѓутоа, никој не ги објаснува овие работи, затоа ќе го молам претседателот на Собранието, како што веќе кажа, да ја затвори седницата, бидејќи официјално тоа и се случи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално да Ви кажам нешто господа пратеници.

Претпочитате едно одење во Европа, во Советот на Европа, каде често пати се оди и каде можам да Ве извинам како претседател на Собранието, поради седница, ние денеска до бесвест да работиме за да донесеме одлука.

Можеме на почетокот на неделата да закажеме седница, како што секогаш сме ги имале тие седници и сме ги закажувале и продолжувале со работа. Зошто сега има потреба тоа да го направиме.

Јас навистина не знам и затоа мислам делегацијата нека си остане овде, јас ќе напишам едно убаво писмо ќе ве извинам и ќе продолжиме со работа.

Не знам зошто би требало од тоа да драматизираме.

Да ја завршиме добро и регуларно оваа седница, како што ја започнавме.

Има збор господинот Пауноски.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Господине претседателе, Вие соопштивте конкретна работа неколку пати, инсистиравте на тоа дека ќе упатите писмо да ги оправдате со патувањето на таа делегација, иако според овие информации во подготовките за патувањето што стоеја, беше соопштено дека има две многу битни суштински прашања, кои не се однесуваат ниту на партија, партија како институција, партија која е пратеничка група во Парламентот, се однесува на самата Македонија. Има многу суштински прашања, но добро рековте дека во интерес на работата на Парламентот ќе упатите писмо и ќе ги оправдате. Тоа е едната работа.

Другата работа, знаеме дека можеме да продолжиме и следната недела, меѓутоа барањето да се објасни зошто ние инсистираме да продолжиме со работа господа, изгледа дека и натаму катанците за затворање на фабрики Ви се во џебовите, до 30 септември знаете дека треба да се донесе некаква одлука, Вие имате право да се изјасните. Со тоа што ќе се изјасните ќе го кажете вашиот став. Не значи дека одложувањето на седницата ќе го промени вашиот став.

Конечно третата работа, јас мислам дека би требало на крајот од краиштата, ако има можност делегацијата воопшто да патува барем еден или два дена, ако е толку неодложно присуството таму, тогаш да се договориме кој ден да продолжи седницата, ако воопшто има можност поради битните едно или две прашања на нивното присуство каде ќе ја бранат и застапуваат Македонија.

Тогаш да се договориме Парламентот да продолжи да работи утре. (Реакција од страна на пратениците). Еве, опозицијата е заморена, еве конечно ќе го прифатиме и тоа мислење, меѓутоа дајте да продолжиме утре да работиме и да овозможиме оваа делегација која има битни пораки да ги пренесе таму, да учествува во поднесување на битни ставови или прочистување на некои размислувања околу Македонија, што е многу битно за сите нас, да им овозможиме да патуваат во понеделник или вторник, а утре да ја продолжиме седницата.

Дајте да најдеме решение на сето ова.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пратеникот Филип Петровски има збор.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Процедурално се јавив заради следното.

Зошто треба да продолжи со работа Собранието денеска. Затоа што 4 саати денеска имавме опструкција од страна на СДСМ во работата. Колку работевме денеска? Не работевме ни три часа. Од тоа ли се заморивте?

На крај кога инсистираме да работиме, кога има мнозинство кое сака да работи, тука ни се држат лекции дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не разговарала, не знам што, предлагам да се престане со еден тип на навреди, дека ете само опозицијата знае да зборува. Секој пратеник има право да процени кога сака да зборува, колку и да се пријави. Во таа насока мислам дека не може да се прејудицира во еден вид предвидувања, дека можеби нема да разговараме.

Мислам дека овој Парламент треба да работи, ова прашање е значајно со тоа што опозицијата бара да се прекине, а некој можеби и од парламентарното мнозинство се согласува, мислам дека се врши опструкција на едно многу значајно прашање. Мислам дека треба да продолжиме со работа, оти не е во прашање дека сме работеле 8 часа, денеска работевме 3 часа. Се симнуваше стенограмот, се користеа сите можни деловнички начини да се опструира работата на Парламентот, затоа што ова прашање е јасно, видливо дека опозицијата не го поддржува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Стојан Андов побара збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, сакам да Ви обрнам внимание оти водењето на седницата е ваша обврска и ваше право. Колективно седница не може да се води. Вие кажувате кога е отворена седницата, кога е пауза и кога е прекината или завршена седницата. Сите што упаѓаат треба едноставно оти на вас е одговорноста. Не може колективно да се води седница.

Ако сте решиле дека треба да се прекине, прекинете ја, ќе си одиме и ништо друго. Никој друг го нема тоа право освен вас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро тогаш Ќе Ве молам, седницата ќе ја продолжиме во четврток во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 19,30 часот).